СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Триесеттата седница на Собранието на Република Македонија,
одржана на 22 ноември 1995 година

Скопје, ноември 1995 година

**ТРИЕСЕТТА (30) СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РМ, ОДРЖАНА НА 22 НОЕМВРИ 1995 ГОДИНА**


1. АНДОВ СТОЈАН 4, 94, 95
2. АЈДАРАГА ГАЗМЕНД 4, 36, 38
3. АБДИ ФАИК 54
4. БИЉАЛИ МЕРСЕЛ 74
5. ГОШЕВ ТУШЕ 77, 86
6. ЗИБЕРИ НАОЕР 14, 65, 68
7. ИВАНОВ РИСТО 6, 11, 27, 29, 32, 70, 73
8. КАДРИУ ЗЕКИР 91
9. ЛАЗАРОВ ЈОВАН 21
10. МАЉИЧИ НАЗМИ 51, 52
11. НИКОЛОВСКИ ДУШАН 23
12. ОСМАНИ РУФИ 22, 42
13. ПОПОВСКИ Г. НИКОЛА 80
14. РАМАДАНИ САЛИ 63
15. РАМАДАНИ ХИСЕН 39, 84, 85
16. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ 92, 93
17. ТРИПУНОВСКИ МИРКО 15
18. ТЕМЕЛКОВСКИ ЗОРЕ 24
19. ТАИРИ МЕВЉАН 38, 48
20. ТУДА РАМИ 40, 45
21. ХАРУНИ СЕЈФЕДИН 61
22. ХАСИПИ КЕНАН 87
23. ШАЛУРИЌ ЗОРАН 20
24. ШАЌИРИ ХИСНИ 57, 60

ДНЕВЕН РЕД: СТР.3

Т.1-стр 15
Т.2-стр.31
Т.3-стр.32
Т.4-стр.33
Т.5-стр.33
Т.6-стр.34
Т.7-стр.34
Т.8-стр.35
Т.9-стр.35


СЕДНИЦАТА ПРОДОЛЖУВА !

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## Од Триесеттата седница на Собранието на Република Македонија,одржана на 22 ноември 1995 година

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,20 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше г-динот Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ги молам службите да ги повикаат пратениците да влезат во салата.

Дами и господа пратеници, ја отворам Триесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Димитрија поповски, Јане Ангелевски, Марјан Начевски, Владимир Соколовски, Борис Костајчев, Тито Петковски, Славко Котевски, Јован Николов, Љубосав Иванов и Марјан Котлар ме известија дека од оправдани причинине се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага дневниот ред за оваа седница да се дополни со предлозите на одлуките за разрешување и именување на претседател на Републичката

(Државна) изборна комисија, за основање Пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Монголија, за разрешување и именување претседател и членови на Одборот за доделување на наградата "Гоце Делчев", за избор на членови на Конкурсните комисии за именување индивидуален работоводен орган на институтот за фолклор "Марко Цепенков" - Скопје и на Природно - научниот музеј на Македонија и за именување членови на Посебната комисија за именување декан на Факултетот за учители и воспитувачи во Битола.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? (59 пратеници)

Дали е некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Инаку, забележав дека четворица не гласале. Во многу интензивни разговори се влезени.

Пратениците Милчо Трајков и Јован Николов поднесоа барање Владата на Република Македонија да подготви Информација за состојбата со водата за пиење во Титов Велес, со показатели за хемиската и бактериолошката чистота и загадувањето на почвата и на земјоделските производители со тешки метали и на Собранието да му ја достави за 25-та седница.

Пратеникот Милчо Трајков на 29-та седница на Собранието побара Информацијата да биде разгледана на оваа седница.

Информацијата Ви е доставена.

Кој е за предлогот, молам да крене рака?

Јас Ве молам концентрирајте се.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? (57 пратеници)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (3 пратеници)

Пак некои пратеници не гласале.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Според тоа, за денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Предлог аз донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за органите на управа, со Предлог на закон;

2. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за надворешно трговско работење, со Предлог на закон;

3. Предлог на одлука за разрешување и именување претседател на Републичката (Државна) комисија;

4. Предлог на одлука за основање Пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Монголија;

5. Предлог на одлука за разрешување и именување претседател и членови на Одборот за доделување на наградата "Гоце Делчев";

6. Предлог на одлука за избор на членови на Конкурсната комисија за именување индивидуален работоводен орган на Институтот за фолклор" Марко Цепенков" - Скопје;

7. Предлог на одлука за избор на членови на Конкурсната комисија за именување индивидуален работоводен орган на Природно - научниот музеј на Македонија;

8. Предлог на одлука за именување членови на Посебната комисија за именување декан на Факултетот за учители и воспитувачи во Битола;

9. Информација за досега регулираниот државјански статус и резултати од анкетно истражување;

10. Информација за состојбата на водоснабдувањето на град Титов Велес за состојбата на загаденост на воздухот, почвата ,храната и експонираноста на населението на тешки метали по потекло од Топилницата за цинк и олово "Злетово" во Титов Велес.

Дали има некој предлог за изменување и дополнување на дневниот ред.

Има збор г-дин Ајдарага.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници.

Со оглед на тоа дека се работи за една информација што сега е уврстена, порано најавена, во дневниот ред како точка 9 денеска предлагам истата информација за досега регулираниот државјански статус и резултатите од анкетното истражување денеска да не се разгледува, да се изостави од причина што истата не претставува целосна информација во однос на ова прашање.

Оваа информација дава показатели само за анкетното истражување, иако земено научно и по статистичките методи не мора да претставува точна информација. Бидејќи се работи за таква информација, предлагам таа да се надополни) и да се стави направат наредна седница.

Во име на Пратеничката група на ПДП.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, кој е за Предлогот на пратеникот Ајдарага, да крене рака? (11 пратеници)

Констатирам дека предлогот на г-динот Ајдарага не е усвоен

Дали има некој друг предлог? (Нема)

Кој е за предложениот дневен ред, молам да крене рака? (58 пратеници)

Дали е некој против? (5 пратеници)

Дали некој се воздржува од гласање? (3 пратеници)

Констатирам дека предложениот дневен ред е усвоен.

Минуваме на **точката 1** - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за органите на управата, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлог на закон, со извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Согласно член 9 5 став 3 од Уставот на Република Македонија овој закон се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Има збор г-динот Иванов, министер за стопанство, претставник на Владата.

**РИСТО ИВАНОВ:**

Почитувани пратеници, потребата од утврдување на односите во надворешно - трговската политика како носечки сегмент во економските односи со странство често беше нагласувана во многу расправи.

Собранието на Република Македонија донесе заклучок дека е потребно во што пократок рок да се дефинираат надлежностите во надворешно - трговското работење, согласно потребите на Република Македонија. како земја, чии резултати од националната економија во добар дел се валоризираат надвор од нејзините граници. При тоа најчесто бег истакнувани и фактите дека во услови на отворено пазарно стопанство Република Македонија треба од 70-80% од нејзиниот општествен производ да разменува со странство и дека либерализацијата и транспарентноста на трговскиот режим се задачи што мора да најдат значајно место во макроекономската политика.

Затоа, во рамки на Мисијата на Светската банка, нивните експерти изготвија Меморандум за раководење и управување со економска та политика и нивни видувања за можни корекции.

Таму беа предложени решенија за надлежностите што треба да ги имаат економските министерства во Владата, согласно новите решенија во економскиот систем.

Истовремено, Владата ја чувствуваше потребата за изградба на систем и политика во надворешно - трговското работење, согласно потребите на стопанските субјекти. Заради тоа, во првата половина на оваа година се пристапи кон анализа на надлежностите на органите на управата во надворешно - трговското работење и отсликувале на сегашната состојба.

Во период од четири месеци се направи преглед на постојните документи што се потребни за обавување на одредена надворешно-трговска работа. Владата ја прифати, потоа, информацијата за надлежностите на органите на управата во издавањето документи за надворешно- трговското работење, истовремено ги прифати и предложените мерки за подобрување на таквата состојба. Предложените мерки одеа во насока на обединување на надлежностите во надворешно -трговското работење во еден орган, рационализација на постапката за обезбедување на потребни документи за обавување на надворешно - трговската работа и создавање еднакви услови и шанси за сите стопански субјекти кои се занимаваат со надворешно - трговското работење.

Морам да нагласам дека во расправата по предложените цели имаше интенција за проширување на владината активност со намера целосно да се дефинираат принципите и целите на надворешно – трговската политика и економските односи со странство на Република Македонија. Ограничувањата за дополнување со претходно цитираната активност се состоеја во следното:

1. Република Македонија се уште ја води постапката за зачленување во Светската трговска организација и од таквото зачленување ќе произлезат одредени обврски за нас.

2. Со Европската унија како голема економска и политичка заедница во тек се преговорите за потпишување на Спогодбата за трговија и соработка, Спогодбата за транспорт и Финансискиот протокол.

3. Постоење на релативно унифицирани форми на спогодби за трговска и стопанска соработка кои секогаш во пракса одат во правец на поттикнување на трговската и стопанската соработка меѓу земјите потписнички.

4. Република Македонија, како мала држава, својата шанса во меѓународните економски односи треба да ја гледа преку почитувањето и примената на меѓународните принципи и стандарди и преку прилагодувањето кон меѓународните институции и институти на економската конкуренција и развој.

При одредувањето на пристапот во оваа активност сепак се имаше во предвид фактот дека за сите идни одлуки што треба да се носат во оваа област и за поттикнување на разните облици на трговска и стопанска соработка неопходни се информации за материјалните текови во стопанството, а со рационализираните постапки и транспарентноста на трговскиот систем треба да се воспостават еднакви услови и шанси за сите стопански субјекти без разлика на сопственост и големина.

Почитувани пратеници, заради тоа се појде од анализата на сегашната состојба на законските и подзаконските решенија во областа на стоковната размена со странство. При тоа се увиде дека во надворешно трговскиот промет се издаваат 101 документ , од кои 55 документи или 55% произлегуваат од Законот за царина и неговите подзаконски акти 22 документи или 22% произлегуваат од Законот за надворешно трговско работење. 22% од Законот за плаќање на посебна давачка за порамнување на даночното оптоварување и Законот за посебни такси на увезените стоки, а 3% од документите произлегуваат од други закони или подзаконск акти.

Во вкупниот број на овие документи со 43% учествуваат разни потврди, со 19% разни одобренија и уверенија, со 15% разни мислења и со 6% други документи.

Кај сите овие документи, поради нивниот правев карактер не произлегува обврска за второстепеност во постапката, односно право на жалба. Само со 17% учествуваат разни решенија каде е овозможена, но не секогаш е и законски утврдена второстепеноста на постапката. Од

вкупно 96 документи што ги издаваат органите на управата само кај 33 или 34, 3% надлежноста е утврдена со закон. Ова е еден од показателите преку кој може да се цени државната интервенција односно дискреционото право и степенот на транспарентност преку кој треба да се обезбедат еднакви услови за сите учесници во надворешно - трговскиот промет.

Во издавањето на потребна документација, покрај Владата, застапени се уште 14 министерства. Во ваква состојба стопанските субјекти се соочуваат со тешкотии во прибавувањето на потребната документација и најчесто се сведува на одење или така наречено шетање од едно до друго министерство. При тоа се соочуваме со голема шареноликост во називот и формата на документите, а има случаи и на дуплирање ка документи односно се бараат идентични документи за реализација на една иста зделка. Како на пример потврда дека стоката не се произведува во Република Македонија и мислење дека стоката не е од потекло од Република Македонија. Истовремено кај опремата минимум се неопходно потребни две мислења од министерствата. Кај лековите се вклучени Министерство и Здравство кои што имаат идентични документи и служат за една иста намена.

За надминување на ваквата состојба во Информацијата се предлагаше измена на 4 постојни закони и тоа: за царини, за надворешно- трговско работење, за посебна давачка и такса и измена на подзаконските акти, со што би се овозможил обединување на надлежностите, но и одговорноста, а истовремено ќе се овозможеше по квалитетни информации за материјалните текови во стопанството и рационализација на постапката. На тој начин стопанскиот субјект би се јавувал во еден орган,а другите потребни документи ќе се обезбедуваат по службена живот.

Владината контрола во работењето би се извршувала со воведување на второстепеност во постапката и право на жалба.

Пред Вас, почитувани пратеници се наоѓаат измените ка два закони: Законот за органите на управата и Законот за надворешно – трговско работење, со шот се обезбедува остваруваше на целта за обединување на надлежностите и двостепеност на постапката само за дел од документите што се издаваат врз основ ана Законот за надворешно - трговско работење.

**РИСТО ИВАНОВ:** (продолжение)

Измените на другите два закони со кои би се обезбедила и втората цел на рационализација на постапките, се уште се наоѓаат во Владина процедура.

Во Законот за измена на Законот за органите на управата се предлага формирање на министерство за трговија и стопанство во кое покрај досегашните надлежности се додава надлежноста во делот на економски односи со странство што се однесуваат на прометот на стоки и услуги, унапредувањето на економската соработка во одделни стопански области, следење на меѓународните стопански дејности, како и нивното влијание врз економските односи во РМ, долгорочната производствена кооперација, деловно техничката соработка и услови за отворање на претставништва и застапување на странски фирми.

Во Министерството за надворешни работи остануваат економските односи со странство што се однесуваат на билатерална и мултилатерална соработка, работите што се однесуваат на меѓународните договори спогодби и конвенции во областа на меѓународната економска соработка, инвестиционите работи што ги изведуваат странски лица во РМ и домашните претпријатија во странство и странските вложувања во РМ.

При предлагањето на решенијата се поаѓаше од воочените потреби на Републиката во оваа област од потребата за ефикасност ЕО работењето и потребата за оптимализирање на трошоците во работењето при извршувањето на утврдените надлежности. За таа цел компарираните искуство од Германија, Франција, Англија, Италија, Полска, Чешка и Словенија. Појдовната основа при дефинирањето на надлежностите најчесто произлегува од дефинирањето на стопанските субјекти во основните на законот за трговските друштва и потребите на државата за унапредување и поттикнување на економските односи со странство.

Во оние држави каде што во стопанската легислатива не се прави разлика помеѓу трговски друштва кои купуваат за да продаваат и трговски друштва кои купуваат за да произведат па потоа да ги пласираат своите производи, надворешно - трговската политика е во надлежност во министерствата за стопанство. Во рамките на овие министерства што се наоѓаат во земји со големи домашни пазари утврпена е надлежност по прашањето за организирање и функционирање на стопан- ските субјекти, Прашањето за организирање и функционирање на сите видови пазари за стоки, за капитал и за работна сила, прашањата за конкуренцијата, монополите, нелојалната конкуренција и цените, односно со еден збор за оние прашања за кои што државата се јавува во улога на субјект и ги дефинира условите за еднаков третман на приватните трговски друштва и еднакви услови и шанси на стопанските субјекти при функционирањето на пазарно уредена економија. Ова и поради фактот што во пазарните економии по трговија се подразбираат сите области каде функционира и може да се поттикнува приватната сопственост и приватната иницијатива и претприемништвото. А под стопанство или економија се подразбира активности на државата кога се јавува како рамноправен субјект на пазарот и со разни мерки може и врши ограничувања при обавувањето на одредени стопански дејности или со свои одлуки преку државната сопственост или преку државни претпријатија се јавува како конкурент на приватната сопственост во обавувањето на одредени дејности.

Во оние земји каде што во стопанската легистратива постои разлика помеѓу трговско друштво кое купува за да продава и трговско друштво кое купува за да произведе, па да продава, постојат министерства за трговија и индустрија и ги покриваат исклучиво надлежностите за овие дејности. Земјите во транзиција кои ва почетокот се уште немаа јасни цели за воведување на пазарно стопанство

пристапија кон воведување на министерства за надворешна трговија или економски односи со странство, но во некои од нив е во тек постапка за повторно спојување во министерства за стопанство и трговија или обратно, зависно од големината на домашниот пазар.

Вториот момент што ја одредува флексибилноста со функционирањето на извршната власт и органите на управата е веќе воспоставената практика во тие земји за развивање на стручноста во државната администрација. Кога се развива одредена независност на државната администрација, најчесто постојат дирекции, заводи за одредени области и во тие случаи многу полесно и побрзо се прават промени во политичките надлежности на министерствата и на министрите. Ова прашање подетално ќе биде третирано во постапката за донесување новиот закон за државна администрација.

Во законот за измени на Законот за надворешно - трговско работење се следи претходната концепција и се утврдува органот и надлежностите за издавање на дел од документите за обавување на надворешна трговска дејност и промет. Истовремено во измените се додава обврска за утврдување на начинот за распределба и доделувањето на документите што всушност значи обврска за транспарентност и двостепеност во постапката.

Почитувани пратеници, на крај сметам дека без разлика на тоа колкав пат треба да изодиме за уредување на односите во оваа област, секој чекор напред е повеќе отколку задржување на постојната состојба. Затоа сметам дека е потребно да се донесат превземените измени за законите за државна управа и за надворешно- трговско работење со што ќе се обезбеди реализирање на еден дел од заеднички утврдените и посакуваните цели за уредување на односите на надворешни трговското работење и обезбедување на услови за поттикнување на вкупната размена на Република Македонија во странство како наша перманентна и заедничка задача.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Насер Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа, Комисијата за политички систем на собранието на РМ на седницата одржан на 10.11.1995 година го разгледа предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за органите на управата и притоа од причините наведени во Предлогот за донесување на законот го поддржи. Но и покрај тоа во расправата во Комисијата беше укажано дека со овој закон се нудат само парцијални измени на законот за органите на управата со уредувањето на прашањата од областа на надворешно - трговското работење. Имено, се констатира дека членовите на оваа Комисија повеќепати укажуваат на потребата Владата да подготви нов текст на закон за органите на управата со кој што целосно и темелно ќе се уредат организацијата и функционирањето на овие органи.

Исто така се покрена и прашањето дали со предложеното решение за концентрирање на повеќе надлежности од надворешно - трговското работење, работите кои што се однесуваат на економските односи и соработката со странство како и целокупниот сектор на прашања со кои се уредува прометот на стоки и услуги со странство, се разбира во едно министерство, за трговија и стопанство ќе се обезбеди рационалното работење на органите на управата и е поефикасно остварување на правата и обврските на правните и физички лица кои вршат стопанска дејност од оваа област, со оглед на презголемувањето на надлежностите во едно министерство и докрај формалната рационализација при набавувањето на потребната документација за обавување на надворешна трговска активност.

Во Комисијата исто така, се искажа и мислењето дека со пренесувањето на наведените надлежности на едно министерство, истото ќе се преоптовари со работа и проблемите кои сега се присутни

во оваа област можат и те како да влијаат и да се пренесат и во преструктуирањето на министерството за стопанство односно сега за трговија и стопанство, како што е сега предложено.

На крајот на расправата и покрај тоа што Законот беше под ржан уште еднаш се укажа Владата што поитно да пристапи, ако веќе тоа не е направено кон подготвуваше на закон за органите на управата и истиот да го предложи на Собранието, со оглед на тоа што при измените и дополнувањата на Законот на органите на управата што беше направено уште во почетокот при конституирањето на Собранието, предлагачот ка тогашниот закон вети пред Собранието, пред работните тела дека истиот во текот на годината ќе биде поднесен. Сведоци сме дека таа година измина, а меѓувреме не се поднесе нов предлог на закон, туку се поднесуваат измени и дополнувања на постојниот закон заради измени на делот што се однесува на Министерството за надворешни работи, односно Министерството за стопанство, односно механичко пренесување на надлежностите од едно во други министерство. Со ова сметаме дека нема да се постигне потребната цел освен во ургентното интервенирање во оваа област што сметаме дека е неопходно.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Трипуновски.

**МИРКО ТРИПУНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници дами и господа. Согледувајќи ги причините од кои се предлага донесувањето на овој закон, наведеното укажување на потребата од изнаоѓање на рационално решение во споменатото министерство со што се обезбедува концентрирање на работите сврзани со документите за надворешно трговскиот промет, за поефикасно остварување на правата на стопанските субјект беа појдовни точки од кои што се одлучив и јас со скромни размислував» да понудам дополнување на овој концепт, кој што по трет пат за неколку години трпи измени и дополнувања.

Во досегашните промени не ги најдов надлежностите на орган, институција на тело или нешто друго што ќе ја потенцира слободата на пазарот и претприемништвото, следењето и влијанието врз стопанските движења, предлагањето на мерки на економската политика што се однесуваат на пазарот на стоки и услуги. Најсоодветно е да се предвиди и надлежност за уредување на положбата, организирањето и уредувањето, т.е. функционирањето на трговските друштва. Во понудениот тест не го најдов мислењето за надлежноста во чиј ресор би бил развојот и поттикнувањето на сите видови претприемништво, обезбедување на материјални услови за нивниот иницијален развој од разни извори и форми на поттикнување што се применуваат во развиените пазарни економии, а за наша среќа или несреќа даваат одлични резултати, обезбедувајќи го голем степен на вработеност, искористеност на материјалните и трудовите ресурси. Сакам да укажам дека ова се само мали измени што се предлагаат во овој закон со оглед дека истиот базира на стариот концепт на државната управа, што повеќе или помалку ја губи силата со динамиката на општествените промени што се одвиваат кај нас. Поради тоа сметам дека е потребно што поскоро Владата на Република Македонија да се ангажира и да предложи нов концепт на закон за државна управа што ќе тргнува од познатите прифатени стандарди за оваа област. Тоа значи изградување на управа во која стручноста и компетентноста ќе бидат најважни мерила за нејзино работење, а не бројноста на вработен!-: те и дискреционите права што им стојат на располагање во одлучувањето, за првата на граѓаните.

Од друга страна заостанувањето во однос на користењето и примената на современите информатички достигнувања во органите на управата, ја прави управата недоволно информирана за севкупните настани и појави, особено во стопанската сфера, како и некореспондентноста со базата на податоци на разни области што се достапни низ компјутерски мрежи во светот. Со оглед дека ова се само

основните принципи на кон укажав како неопходност во осовременувањето на овој важен сегмент на државата, би изнел и мислење дека без мотивирани и добро платени стручњаци кои ја креираат основната политика и активностите во управата, немам можност за нејзина поголема ефикасност и поставување во улога, квалитетно со најниски трошоци да се извршуваат услугите што им се потребни на граѓаните. Тоа беа моите главни мотиви и принципиелни определби од кои се раководев и при предлагањето на амандмактие на предложениот текст на закон што денеска го расправаме.

Имено, ценам дека една значајна област во која треба да се дефинира регулативата, за уредување на положбата, организирањето и функционирањето на претпријатијата во постојниот закон не е утврдена како целосна надлежност во едно министерство. Токму тоа создава можности бројни прашања да бидат предлагани и уредувани со различни аспекти и намени а со цел за остварување на фискална, организациони или некои други ефекти со што се испушта во целината на оваа материја,а за која е предложено донесување на посебен закон за трговски друштва. Поради тоа ценам дека надлежноста за овие прашања треба да биде лоцирана на едно место и тоа таму каде што најприродно припаѓа, а тоа е Министерството за стопанство.

Што се однесува до вториот амандман сакам да истакнам дека и тој е предложен од истите принципи и определби, а тоа е од создавањето на потребата за постоење односно основање на орган или институција што би била надлежна за поттикнување на развојот на претприемништвото во сите негови видови и форми. Всушност, стигнувајќи од уставните принципи со кои што се гарантира слободата на пазарот и претприемништвото, а со цел за институционализирање и практична примена на овие уставни принципи, согледувајќи ги можностите за зголемување на вработеноста на населението, по пат на основање и само вработување, со бројни мали и средни претпријатија,

кои што би биле потпомогнати од оваа агенција на разни начини, како и заради сознанијата дека бројните новоосновани претпријатија во Македонија се соочуваат со значителни потешкотии од разни видови, се определив да го предложам решението што е содржано во мојот предлог што го имате кај вас.

Сознанијата со кој што јас располагам, упатуваат на фактите дека во земјите со развиена пазарна економија се преземаат бројни ефикасни мерки на планот на поттикнуваше на мали и среднипретпријатија. Всушност во земјите на Европската унија , промоцијата на малите и средните претпријатија и поставена како приоритетна задача на владите, а се извршува низ разни институции почнувајќи од надлежни министерства, потоа национални агенции, управи, или пак сектори во рамките на одделни министерства кои што постојано кореспондираат преку реализација на конкретни програми и поддршка на малите и средни претпријатија како најпропулзивни носители на претприемнините иницијативи.

Исто така ви во земјите на Централна и Источна Европа се проценува дека постојат околу 140 нови институции за поддршка на мали и средни претпријатија тие се организирани во рамките на националните законодавства, како и со одредена билатерална и мултилатерална поддршка во оваа област, преку посебни финансиски програми и со кои се остварува директна поддршка, се поттикнува развојот на овој пропузивен сектор. Примерите од поодделни држави се респектабилно искуство што на овој план е присутно и е неопходно би било истите да бидат применети и кај нас.

Јас не би се задржувал на конкретните решенија што постојат во одделни земји, иако бев спремен за тоа да дискутирам, но ценам дека ќе има и други прилики.

Исто така сакам да ја изразам и потребата од што поскоро изградување на национална стратегија за правците на ангажирањето и надлежностите на државата во поглед на поттикнување и претприемништво во сите негови појави и форми. Тоа е можно со донесување на посебна стратегија или пак во рамките на стратегијата за развој на државата да се предвидат неопходни правци на развојот на претприемништвото. Исто така е неопходно да се предвидат системски мерки во областа на даночниот систем, сметководството, урбанизмот и градежништвото, банкарството, монетарно - кредитната политика, образованието, информирањето и други области, а во насока на поттикнување на претприемништвото во сите сфери на работа и живеење.

Со поставување на агенција за претприемништво како орган што ќе биде задолжен за постојано следење на остварувањето на претприемништвото што е уставно регулирана гаранција, се создаваат можности за постојано следење и поттикнување на развојот на малите и средните претпријатија, на самостојните вршители на дејност како клучен елемент во процесот на преструктуирање на стопанството и на побрзиот севкупен развој на Република Македонија.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Со оглед на тоа што г-динот Зибери зборуваше од името на Комисијата за политички систем, јас како член на оваа Комисија само сакам да дадам некои дополнувањана неговото излагање. Односно и покрај овие укажувања што беа изнесени од г-дин Зибери, Комисијата одлучи генерално да даде поддршка на овој Предлог закон. Имено Комисијата за политички систем оцени дека решенијата кои се дадени во Предлогот за донесување на законот за изменување и дополнување на Законот на органите на управата се сепак во овој момент најрационални и најцелисходни.

**АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, Пратеничката група на СДС ги разгледа предложените измени на Законот за органите на управа во делот за реорганизација на надворешно трговското работење и ги поддржа причините заради кои се предлагаат овие измени. Меѓутоа, пратеничката група смета дека Владата треба да остане на ветувањето кое требаше да достави закон за државната управа со кој ќе се обезбеди заокружен систем на државната управа, ќе се знаат точно надлежностите,обврските, и правата на одделните министерства и заедно и со тоа ќе му се стави крај еднаш, на предлагањата на парцијални решенија со кои и пратениците во ова Собрание се ставаат во недоумница.

Мислам дека со Законот за државната самоуправа целосно ќе се уредат прашањата и на надворешно трговското работење и уште еднаш треба да се преоцени дали местото на надворешно трговското работење е во Министерството за стопанство за кое и зборуваше министерот за стопанство, г-динот Иванов, кажувајќи дека во одделни држави каде се прави разлика на претпријатијата кои се занимаваат со трговија заради

продажба, со увоз заради продажба и со увоз за понатамошно производство, има две министерства. Сметам дека посериозен пристап треба да имаме кон ова прашање и до крај да се расчисти дали во оваа држава има потреба од министерство за трговија, или пак ќе го обременуваме Министерството за стопанство кое и онака има доволно проблеми заради тоа што сме сведоци дека оваа година имаме пад на производи далеку од она што се произведуваше со макроекономската политика.

Тоа значи дека Министерството за стопанство има доволно обврски. Затоа сметам дека Владата треба да има посериозен пристап кон ова и да се држи до ветувањата кои ги дава пред ова Собрание.

**ЈОВАН ЛАЗАР0В:**

Г-дине претседателе, почитувани пратеници,

Само накратко ќе кажам неколку свои размислувања. Сметам дека има потреба од донесување на предложениот закон, а се согласувам дека треба еднаш да донесеме еден целосен закон за органите на управата. Меѓутоа во овој момент сметам дека ова е оправдано и треба да го поддржиме, иако е парцијално решение. Затоа сметам дека ќе се избалансираат интересите на трговците кои бараат поголема слобода за трговска размена и стопанството кое од еруга страна бара поголема заштита односно контролиран увоз.

Овде сакам само да потенцирам еден важен момент што во своето излагање го изнесе министерот Иванов. Тоа е транспарентноста односно јавноста во работата на овој орган.

Сите знаеме дека во изминатиот период токму тоа создаваше најголеми незадоволства и разни сомневања. Само да потсетам на еден немил настан што се случи во почетокот на годината во Македонија кога се увезоа неконтролирани количини на домати и кои ги упропастија

домашните производители. Давајќи им поддршка на овој Закон, го повикувам Министерството да изготви такви механизми кои ќе ги оневозможи таквите случаи, а тоа е можно само преку транспарентност јавно на работата.

Уште нешто. Изненаден сум од оваа бројка на документи што ја спомна министерот, околу 101 документ, разни решенија и потврди. Сметам дека треба да се направи радикална рационализација на овие документи, за да може со минимален број на документи да се остварат сите права. Еве, давајќи уште еднаш поддршка на овој Предлог закон, уште еднаш, благодарам.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Јас ќе бидам сосема краток.

Поддржувајќи ги овие измени јас сфаќам како- чин на почеток на интерно регулирање на правата и обврските меѓу одделни министерства од составот на Владата, бидејќи сум свесен, а имам сознанија дека тие права и односи не се соодветно регулирани, па во таа смисла го поздравувам.

Имам забелешка на името на новото Министерство. Мислам дека трговијата, пред се, е потсистем на стопанството и би било многу логично Министерството да се вика, Министерство за стопанство и трговија, а не обратно, како што е предложено и апелирам како човек од практиката, сета она бирократизирана администрација од аспект на документација, како предуслов за обавзвање на таа трговска дејност, да се изнајдат можности да се редуцира на најсоодветен начин, бидејќи во практиката остава големи последици преку шетање низ разни врати, преку молење и во краен случај преку подмитување на разни службеници во државната администрација. Значи, ги поддржувам овие измени со очекување на новиот закон за државна управа во кој принципот на рационалност треба да биде битен принцип во регулирање на односот на

правните лица кон државата и во регулирање на односите помеѓу разните министерства од составот на Владата.

**ДУШАН НИКОЛОВСКИ:**

Имајќи предвид дека овие две точки практично се спсени втората точка од дневниот ред произлегува од првата односно се надополнуваат, па веднаш ќе го искористам правото и можноста

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, не, секоја точка си е на дневен ред. Вие сега зборувајте си за првата точка.

**ДУШАН НИКОЛОВСКИ:**

Добро.

Ако ми дозволи претседателот по втор пат да не се јавува, да го искористам правото

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ќе си се јавите вие за второто прашање, односно точка.

**ДУШАН НИКОЛОВСКИ:**

Тогаш доста ќе бидам краток. Наиме за што се работи: Во оваа точка во дневниот ред се потенцирани односно се пренесени дел од ингеренциите и правата што беа во надлежност на Министерството за економски односи со странство и како такви се санкционирани, при што предизвикуваат и правно дејство за наредната точка од дневниот ред т.е. за законот. Наиме, со овој закон практично се обезбедува во Министерството, кое беше проблематично и на Комисијата за стопанство, околу називот на самото министерство: дали Министерство за стопанство, Министерство за трговија и стопанство, Министерство за индустрија и стопанство итн., што и овде предизвикува извесни дилеми,

но во Законот е санкционирано да стои Министерство за трговија и стопанство. Со тоа сакам да кажам дека и тој назив на Комисијата за стопанство како конечен назив е прифатлив.

Водено јас сакам да потенцирам дека со овој Закон, околу органите на управата, практично и ќе се обезбедува, а што е во корист и за стопанските субјекти, пред се рационалност, концентрација, се обезбедува исто така повисок степен на ефикасност во движењето на документацијата, се обезбедува една ингерентност, се обезбедува компетентност, двостепеност во спроведување на постапката и што е најважно, во овој случај што сакам да потенцирам, се создаваат основните елементи за креирање на економската политика преку ова Министерство во РМ. Оттука, сакам да кажам, овој закон, без разлика што ние не бевме матична комисија, но имајќи предвид зависноста на едниот и другиот, како комисија за стопанство предлагаме да биде прифатен, без разлика, ќе кажам уште еднаш една работа што и на Комисијата за стопанство ќе укажам дека парцијалниот приод за решавањето на системот, пред се на функционирање на Министерството, нема да го задоволи севкупниот интерес на стопанските субјекти. Но, мислиме дека во овој момент би било добро, во оваа фаза да се прифати, Министерството за стопанство да добие шанса во однос на другите министерства, да го отвори процесот на реорганизираност.

**ЗОРЕ ТЕМЕЛКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Иницијативата за нормативните промени во сферата на трговската размена дојде како резултат на изминатиот период со концентрираната моќ на државата, широките овластувања на администрацијата, многу злоупотреби во оваа област. Тоа, нормално, предизвика реакции, како

во јавноста, така и во клубовите на менаџерите и претприемачите што се занимаваат со надворешно тетовското работење. Притоа, не смее да се заборави дека со позитивните ефекти од размената со странство е остварена релативна стабилност на економските односи. Истовремено идејата за промени во системот на надворешно- трговското работење беше промовирана и со акцијата на Владата за борба против организираниот криминал. Во такви услови, од една страна да се развласти државата од големите надлежности во издавање на разни документи и дозволи а од друга страна да се стимулираат критериумите на пазарната економија и конкуренцијата, најмногу трпат понудените конкретни решенија во текстот на законот.

Се чини дека е подлегнато на актуелната атмосфера дека сите трговци се лопови, дека сите претприемачи се криминалци, или дека сите чиновници што се во администрацијата се корумпирани. Неспорно е дека државата сама создаваше амбиент за нелојална конкуренција која е најподатлиаа за криминал и злоупотреба. Затоа е позитивно што Владата го одржа ветувањето дека ќе ги исчисти законските двомислици во надворешно - трговските односи и размената воопшто, дека ќе ја рационализира постапката за издавање на потребните документи, но во основа ние се уште немаме одговор дали сакаме либерална економија со нормална пазарна трка и лојална конкуренција или повторно преку сурогат решенија ќе воспоставиме инструменти на контрола и таму каде што не е потребно. Тоа ќе го поткрепам со фактот на реекспорт.

Освен ако не се работи за некои стоки од областа на оружје, дрога и се друго, сметам дека државата треба да биде заинтересирана врз основа на сите изнесени податоци во јавноста

дека воглавно од 80.000 регистрирани претпријатија само 20% е одадено на индустрија и ревитализација на индустрискиот дел, а другото се занимава, 80% со трговија. Нормално реекспортот државата го контролира само во еден определен дел, а се останато да биде либерализирано. Иако во овој момент, можеби имаме одговор од Владата, тој реекспорт се однесува на релацијата со ембаргото спрема Србија. Мислам дека државата од тој дел со законот мора да биде заинтересирана само за прибирање на својот дел т.е. профитот да го оствари преку данок. Според ова, прашање е дали оваа материја треба да се регулира со одредби на понудениот закон или со решенија во сферата на финансиите или царините.

Понатаму, кој, каде ќе ја води регистрацијата на трговските друштва и според кој решенија: дали со законот за трговски друштва или преку Законот за надворешно трговски односи. Тука се уште подои една дилема.

Трета димензија што може да иницира преработка на понудениот текст и концепт на критериуми, се правилата на ЃАТ. Со влегувањето на Македонија во овој инструмент нормално дека ќе се отфрлаат секаквите бариери на издавање на документи, контингенти и се останато и дека мора да се бара еден нов концепт на решавањето во тој дел на трговијата и нема веќе повластувања и гледања на интересите на македонските правни субјекти или трговски организации и на другите фирми кои ќе сакаат да работа преку Македонија.

На крајот мислам дека некој конкретни решенија не ги решаваат или нема да ги спречи новите форми на злоупотреба. На пример кој и какви последици ќе понесе ако свесно не ги користи добиените дозволи, контингенти, поради заштита на некои свои други интереси, а притоа доаѓа до нарушување на пазарот.

Она што сепак е позитивно, тоа е обидот на Министерството за стопанство да ги пронајде модалитетите за заштита на домашното производство што во основа е централна задача н а една макроекономска политика која мора да води сметка за пораст на вработувањето преку новите капацитети и преку новата модернизација на индустријата. Тука се уште немаме еден детален и поконкретен однос, бидејќи имаме една програма за заживување на 25-те загубари.

Ова се дел од моите причини поради кои мислам дека е неопходно да се доорганизира и да се доработи Законот за државната самоуправа. Преку него ќе се дојде до предложените мои видувања што ги потенцирав и сега би сакал да ги изнесам кад е што ќе имаме јасна слика за односот и поставувањето на финансиската полиција и односот на финансиската полиција спрема царината, бидејќи тие ги потенцирам како главни елементи во решавањето на надворешно трговското работење, Затоа сметам дека треба да се причека и поцелосно да се доработи, бидејќи во постапка го имаме веќе и Законот за министерство за трговија, дали, во состав на стопанството или" засебно. Јас кажав и на Комисијата за стопанство дека имам едно свое мислење, едно свое видување кое не е во склоп со она што го изнесе претходникот. Тоа е став на Комисијата за стопанство.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор г-динот Ристо Иванов, министер за стопанство.

**РИСТО ИВАНОВ:**

Без обид да одговорам на одредени поставени прашања, само прво би нагласил добар дел од дискусиите што беа изнесени овде од страна на пратениците беа во рамки на Владата и посебно околу

прашањето за целосно уредување на државната управа, бидејќи е во рамки на Министерството за правосудство. Беше кажано дека тој треба да влезе во собраниска процедура, крајот на јануари и почетокот на февруари.

Второто прашање што овде често се наведува дека се работело за механичко префрлање на надлежностите, јас се обидов во моето излагање баш да го кажам противното, затоа што ако сме задоволни од сегашната поставеност, тогаш би било механичко префрлање. Но ако има обврски кои произлегуваат макар и со 2 или 3 збора, начин на распределба, транспарентност односно јавност и второстепеност, тогаш веќе не се работи за механичко префрлање на надлежностите.

Трета работа што беше овде кажана и што често се прави збрка меѓу поимот либерализација или поимот еднакви шанси и услови за сите. Само би напоменал дека прашањето дали одредена стока може да влезе или не во Македонија, може да се гледа и спрема бројот на ограничувањето преку контингент.

**РИСТО ИВАНОВ:** (продолжение)

Мене ми е жал што не беше целиот пакет од четири закони заедно со Информацијата бидејќи таму целосно е објаснет овој проблем и при тоа споменато е дека 2,6% од сите тарифни броеви се на систем на контингенти. Колку и да прават тие, да кажам, основа за малверзации тие изнесуваат 2,6% или се заедно 130 производ и кај увозот и кај извозот. Значи, тоа е елементот преку кој што се цени либерализација.

Второ, прашањето на дозволи и забрани изнесува 1% од вкупниот број на тарифни броеви. Меѓутоа, и едното и другото, дури и ова прашање не се регулира преку овој закон туку Владата ја утврдува политиката за ова, колку производи ќе бидат на контингенти, кој ќе бидат на дозволи колку ќе бидат на компензации. Значи, сепак, со овој закон колку и да го менуваме тоа прашање не се решава. И заради тоа треба да се прави разлика што законот треба да понуди, а што е тоа што треба да биде обврска на извршната власт и која што пратениците треба да ја дадат како задача. Затоа, овде законот исклучиво оди кон прашања што се општи кои мораат како вредност или како правило да се усвојат и да преставуваат обврска на извршната власт до нив да се придржува, но при тоа, да не и се одземе правото преку своите подзаконски акти да може да креира макроекономска политика согласно потребите и целите што сака да ги постигне. Значи, суштината е дека она што се бара во најголем број случаеви, не се решава со овој закон.

Второто прашање, на еднакви услови и шанси пак не може да биде целосно решено со овој закон. Може, во дел, но не целосно Затоа што ако се овие податоци од 2,8% кои често беа споменати по комисии и 1% може да се каже дека нашата земја го нема либерализирано увозно

извезното работење тогаш навистина што би значела либерализација, значи да нема никакви правила односно да нема никакви ограничувања,првото.

Второто еднакви услови и шанси се внесени во законот за царина и во делот на ослободувањата и тука се почитувани пратеници најголемите проблеми односно дали секој еден може да увезе со или без царина, дали секој еден може да увезе со или посебни давачки. За жал тие закони се овде. Тука лежи прашањето што велам во најголем број случаи се потегнати дури од последниот пратеник беше кажано дека некој бил криминалец итн. Не, овде во овој закон ништо не се прави во тој поглед и за жал со овој закон тоа не може да се реши. Тоа може само да се реши со политиката на извршната власт бидејќи мора да следат подзаконски акти. Ако се сеќавате и при донесувањето на законот за трговија имаше такви обвинувања дека тоа бил усмерен кон одредена категорија на луѓе итн. Не, овие се два закони кои ги регулираат односите и на кој начин треба да се обезбеди одредена правичност и еднаквост во условите. Затоа би замолил да не се прават разлики и да се бараат одговори од законите кога во нив како и да се регулираат не лежат одговорите на тие прашања.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор ? (не)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за органите на управата.

Кој е за молам да крене рака?

42 пратеници гласаа за.

Дали е некој против? (4)

Дали некој се воздржува од гласање? (18)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за молам да крене рака?

39 пратеници гласаа за.

Констатирам дека овој Предлог не е усвоен.

Според тоа ќе подготвиме заклучок, давам 5 минути пауза.

(паузата започна во 12,28 часот.)

(по паузата седницата продолжи со работа во 12,55 часот)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа.

Со оглед што Собранието го усвои заклучокот да се донесе овој предлог за донесување на закон односно го усвои Предлогот за донесување на законот за изменување и дополнување на законот за органите на управата, тогаш предлагам да заклучиме :

Владата на Република Македонија да достави Предлог на закон за една од наредните седници бидејќи не беше одлучено денес по овој предлог да расправаме.

Второ, овој заклучок да се достави до Владата на РМ, Министерството за стопанство и Министерството за правда.

Кој е за предложениот заклучок молам да крене рака?

65 пратеници гласаа за. Дали е некој против? (2)

Дали некој се воздржува од гласање? ( никој)

Минуваме на **<u>втората точка</u>** - <u>Предлог за донесување ва закон за изменување и дополнување на Законот за надворешно трговското работење, со Предлог на закон.</u>

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доста- вени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Има збор г-динот министер Ристо Иванов.

**РИСТО ИВАНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, во име на Владата го повлекувам овој закон од расправа од причина што од целиот пакет како што спомнав и по првата точка како целина требаше да дојде пред вас со тоа што не се разговара за првиот закон, решенијата што следат воопшто не би можеле да бидат изгласани бидејќи би биле во спротивност со постојните закони.

Затоа предлагам оваа точка да се симне од дневниот ред, односно го повлекувам Предлогот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Го повлекува, значи немаме расправа.

**<u>Трета точка</u>**, <u>Предлог на одлука за разрешување и именување на претседател на Републичката (Државна изборна комисија).</u>

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам претрес?

Молам кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за предлогот на одлуката, молам да крене рака?

65 пратеници гласаа за.

Дали е некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање ?(не)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за разрешување и именување претседател на Републичката (Државна) изборна комисија.

**Четврта точка** - Предлог на одлука за основање пратеничка група на Собранието на РМ за соработка со Парламентот на Република Монголија.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам општ претрес.

Молам кој бара збор.

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на одлуката.

Молам кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака?

61 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за основање пратеничка група на Собранието на РМ за соработка со Парламентот на Република Македонија.

**Петта точка** - Предлог на одлука за разрешување и именување претседател и членови на Одборот за доделуваше на наградата Гоце Делчев.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласа&е.

Кој е за Предлогот на одлуката молам да крене рака.

65 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање ? (не)

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за разрешување и именување претседател и членови на Одборот за доделување на наградата "Гоце Делчев".

**Шеста точка** - Предлог на одлука за избор на членови на Конкурсната комисија за именување индивидуален работоводен орган на Институтот за фолклор "Марко Цепенков" Скопје.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката молам да крене рака.

65 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за избор на членови на Конкурсната комисија за именување индивидуален работоводен орган на Институтот за фолклор "Марко Цепенков" Скопје.

**Седма точка** - Предлог на одлука за избор на членови на Конкурсната комисија за именување индивидуален работоводен орган на Природно - научниот музеј на Македонија.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за предлогот на одлуката молам да крене рака?

60 пратеници гласаа за.

Дали е некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за избор на членови на Конкурсната комисија за именување индивидуален работоводен орган на Природно - научниот музеј на Македонија.

**<u>Осма точка</u>** - <u>Предлог на одлука за именување членови на Посебната комисија за именување дека на Факултетот за учители и воспитувачи во Битола.</u>

Предлогот на Одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за предлогот на одлуката, молам да крене рака?

57 пратеници гласаа за.

Дали е некој против? (2)

Дали некој се воздржува од гласање (2)

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за именување на членови на Посебната комисија за именување декан на Факултетот за учители и воспитувачи во Битола.

Деветта точка, Информација за досега регулираниот државјански статус и резултати од анкетното истражување.

Информацијата ви е доставена.

Отворам претрес .

Молам кој бара збор?

Господин Ајдарага.

**ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА:**

Почитувани пратеници, ние сега дојдовме на оваа деветта точка, меѓутоа претставници од Владата немаме. Кому ќе му зборуваме, кому ќе му кажуваме. Затоа барам, или да се одложи или пак да се викнат и тогаш да можеме да поведем дискусија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ова не е законски текст, ова е информација дадена за информирање, а кога некој сака да расправа може нешто да каже, ако не одиме понатаму, точката си минува и готово.

Ако после некој бара пак, и друга информација може да ставиме, покомплетна. Оваа информација, не е акт. Ако е доволна доволна, ако не е доволна друг пат, друга ќе донесат, покомплетна.

**ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА:**

Јас се извинувам, само мислам дека ова е несериозно и имам примедба и на претседателот што вака зборува. Мислам дека ова не држи во никој случај и вака ако ние расправаме, џабе, кому ќе му кажеме нешто. Ние ја баравме таа информација и поред тоа што не беше целосна не одговара на она што баравме ние, меѓутоа, сега, еве дојде на дневен ред, а кому. Мислам дека ова и во име на Парламентарната група барам да се одложи се додека не бидат присутни претставниците на Владата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, изгледа г-динот Ајдарага не ме разбрал. овде не се работи за законски акт во кој некој треба да прифаќа или не прифаќа амандмани итн. и да соработува при донесувањето на актот. Овде е информација. Ако таа информација, како што вели тој не е доволна, тогаш нема зошто ни да расправаме ни да чекаме претставник. Не е доволна, ние нема да заклучуваме, нема ни да ја усвојуваме информацијата. Не ја усвојуваме информацијата, ќе си барате нова информација која ќе биде доволна за расправа.

Има збор г-динот Ајдарага уште еднаш.

**ГАЗМЕНД АЈАДАРАГА:**

Јас мислам дека имам право во име на пратеничката група тоа да го барам и инсистирам така да биде.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само не знам како да биде.

**ГАЗМЕНД АЈАДАРАГА:**

Не знам на кој јазик да зборувам, да зборувам албански.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, што предлагате, ова е информација.

**ГАЗМЕНД АЈАДАРАГА:**

Па предложив да се одложи заради тоа што не се присутни претставниците на Владата, молам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

По информации не можеме никого да задолжуваме овде да бидат присутни.

Има збор г-динот Мевљан Таири.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Информацијата која што е доставена и која е предмет на разгледување по оваа точка сметам дека е само делумна и прикажува резултати од едно анкетно работење на Министерството за внатрешно работење во однос на проблемот за кој што расправаме. Сметам дека оваа информација, во најмала рака, треба да се дополни и со некои други елементи кои се потребни за да се добие целосна слика за проблемите околу државјанскиот статус. А тоа што е најважно во оваа информација, јас сметам дека било каква информација да се достави до нас треба да биде дополнета со одредени заклучоци односно предлози за одредени активности кои што треба да се преземат од страна на Министерството, односно на Управата за внатрешни работи - Сектор за државјанство, за да се надминат овие проблеми кои се присутни во работењето.

Поради тоа, бараме да се симне оваа точка од дневен ред, да се дополни со нови елементи и со одредени конкретни заклучоци за тоа како се мисли да се разреши ова прашање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Ајдарага.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Уште еднаш го молам претседателот да постапи така како што бараме, од причина што до нас односно до претседателот на Собранието на Република Македонија е доставено писмо со кое не известуваат односно се известува претседателот дека информацијата е разгледана од страна на Владата и за претставник на Владата во Собранието е определен д-р Љубомир Фрчковски, министер за внатрешни работи. Не знам што да кажам друго.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Хисен Рамадани.

И целата Влада е поканета, и сите членови на Владата се поканети, вие тоа добро го знаете. Да е закон ќе го одложам, ова е информација.

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Во однос на спорот дали треба да се расправа или да не се расправа, бидејќи нема претставник на Влада не можам да се изјаснам затоа што мислам дека информацијата не е толку ниту зрела, ниту така да кажам полна за да можеме и ние да се вклучиме во расправата и претставникот на Владата да одговара на прашањата.

Јас сакав само ова да кажам бидејќи излегов на говорница. Информација за досега стекнатиот државјански статус во Република Македонија претставува одделен посебен проблем на овластените државни органи за оваа проблематика и мислев дека треба многу посериозно да и пријдат. Како што знаете, според Законот за државјанство има неколку основи за стекнување на државјанство, односно негово потврдување и според тоа требаше по членови на закони, по условите предвидени во законот да ни беше во информацијата на аналитички начин кажано каква е состојбата со државјанскиот статус. Мислам дека се еклектички измешани две немешливи работи овде. Од една страна, информација за стекнатиот статус и информација за една делумна анкета вршена само во една средина односно само во некои градски општини во Скопје и тоа со докази кои не се применливи за цела Република по низа критериуми.

На пример, мене ме интересираше од овие 121 илјада кои немаат се уште според информацијата стекнато статус,колку има такви кои имаат основ, оној битниот, по основ на раѓање, колку такви се уште немаат стекнато државјанство и зошто. А секој ден се среќаваме со луѓе

кои тоа го немаат стекнато, а родени се тука и зошто е тоа така. Требаше елементарно да се каже, бидејќи тоа спаѓа во елементарните права на секој човек. Требаше да ни се објасни, затоа што биле времено во поранешните југословенски републики, во странство времено или каква е состојбата. По основ на стекнат брак во Републиката, по основ на 15-годишен престој во Републиката, по однос на сите услови предвидени со закон. Тоа е анализа за стекнатиот статус во Република Македонија и проблемите кои произлегуваат од тоа. Дури, има и такви проблеми кои треба овде да ни се објаснуваат, бидејќи биле предмет на расправа во Владата, по член 11 колку државјани се примени и колку останале не-примени, а тоа значи основ како државна општествена потреба на Републиката. Меѓу нив има и такви ситуации офицер во војска може да биде, а не е државјанин на Републиката.

Сакав да кажам дека информацијата за ваква голема и тешка проблематика мислам дека не дава основ ние да заклучиме каква е состојбата и како можеме да помогнеме со својата расправа таа работа-да се унапреди.

Што се однесува до анкетата, реков дека таа е делумна и таа е неупотреблива за ваква намена за расправа во Собранието, на вака високо ниво.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Рами Туда.

**РАМИ ТУДА:**

И јас и нашата парламентарна група ја поддржуваме дискусијата и предлогот на г-динот Газменд Ајдарага, затоа што сметаме дека оваа информација навистина е површна, така нестручно изработена, што по наше мислење само се сака на некој начин да се фрли прашина на очи.

По однос на прашањето што е доставено овде, воопшто нема никаков одговор, иако овде се истакнува дека информацијата е изработени по некои начела и некои стручни упатства, во самата информација нема никакви важни податоци, што се однесува на прашањето што е поставено. Податоците се базирани на една проста анкета. По наше мислење анкетата воопшто не е стручна, не се базира на современи методи по кои може да се дојде до една вистина. Податоците кои треба да бидат присутни во оваа информација воопшто не се. Работите се замаглени на некој начин, така што целата информација се базира само на анкетата.

Прашањето на г-динот Исмет Рамадани не беше да се формира некоја анкетна комисија и врз основа на анкетата да се дојде до одредени заклучоци и одредени бројки, туку анкетата е донесена на тој начин што нема никакви важни податоци и бројки кои се важни за проблемот кој се третира.

Значи, оваа информација по наше мислење не е битна и не заслужува никакво внимание, не заслужува да се дискутира, затоа што по оваа информација нема некои битни елементи за кои ние можеме да дискутираме. Затоа сме на мислење или да се постапува така како што требна, на научна основа и да се донесат информации кои ќе бидат валидни или инаку немаме што да расправаме по ова. Ова е само така формално и многу е погрешно. Прашањето не беше да се формира некоја комисија и да врши некоја анкета и тоа таква анкета што според информацијата не е вршена на некој начин со некоја организирана форма, туку случајно само така да фрли прашина во очи, да се замаглува проблемот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор.

Има збор г-динто Руфи Османи.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Почитувани пратеници, мене ме интересира дали ние водиме расправа по оваа точка?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Бидејќи ние водиме расправа по Информација која е така како што е, бидејќи не се прифатија ....(дофрлања од место)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тишина, ве молам. Ве молам, јас отворив расправа, во расправата секој може да каже се. Ве молам, кажете, ќе си добиете збор, кажете во расправата што сакате.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Бидејќи за жал не се прифаќа предлогот оваа информација да се дополни и на некоја друга наредна седница да се кажат работите така како што се, јас врз основа на оваа информација ќе изнесам некои работи до кои јас сум дошол по лично истражување на конкретни случаи, кои документи за жал денес ги немам, но во некоја наредна прилика ќе ги донесам овде пред парламентот, за да се види дека навистина не се постапува согласно одредбите на Законот за добивање државјанство. Да почнеме конкретно.

Мислам дека самата бројка од 121 илјада граѓани кои го немаат регулирано државјанскиот статус е алармантна бројка, која навистина треба да не загрижува, а јас сум длабоко убеден дека таа бројка не е точна односно дека сигурно бројката е поголема.

Ако се анализира добро информацијата ќе се констатира дека самата информација односно заклучоците кои Министерството ги има искажано во информацијата се контрадикторни во однос на она што се

кажува на почетокот и она што после се елаборира од страна на предлагачот. Кога ќе се анализира дека се поистоветува анкетирањето на 1.788 лица со бројката од 121 илјада и врз база на една таква анкета се даваат одредени заклучоци за таа бројка, тоа не може поинаку да се квалифицира отколку како сосема несериозен пристап кон овој проблем и врз база на таквата анкета во оваа информација имаме заклучоци како што следи.

Прво, се кажува дека скоро 48 илјади граѓани наводно не го имаат регулирано државјанскиот статус од причини што се иселиле во другите ЈУ-републики или што е голема заблуда истите биле на привремена работа во странство. Кога се работи за синтагмата привремена работа во странство, треба да биде јасно на сите дека тие граѓани се државјани на оваа Република, тие се родени во Република Македонија и тие привремено работат во странство, но тие во земјите каде што работат немаат стекнато друго државјанство. Исклучувањето на тие граѓани во оваа бројка е сосема неприфатливо и би рекол спротивно на Законот.

Второ, се кажува дека околу 18 илјади лица односно 13,9% надвор од фактот што имаат стекнато право за регулирање на тој статус не им се издаваат личните карти како основен документ за нивното натамошно регулирање на права и обврски во државата.

Понатаму, многу алармантна е бројката, односно процентот 40,3 односно скоро 50 илјади граѓани кои во суштина ова Министерство ги прогласува како апатридни граѓани, значи граѓани без татковина. Да не должам понатаму во оваа смисла, бидејќи се гледа како и секогаш кога ќе се зборува за вакви чувствителни теми,се нема трпение да се слушаме, но јас ќе изнесам некои работи кои се битни, а се однесуваат на следното.

Прво, да се каже дека Министерството за внатрешни работи има ист пристап и применува исти критериуми, независно од националноста на лицата кои го бараат регулирањето на овој статус, во крајна мера е лицемерие односно некоренспондира со вистината од следните причини.

Прво, самиот закон е дискриминаторски за немакедонците, а овде особено треба да се истакне за албанците кои по потекло се од Косово. ве молам, за нив во држава Македонија се применуваат некои специфични критериуми при барање за добивање на таков статус. Јас имам и лично документи кои ќе ги презентирам во некоја друга прилика.

Второ, особено тоа се гледа ако се анализира член 7, член 8, член 9, член 10 и член 11 од Законот за државјанство. Овде треба да се каже особено фамозниот член 7, точка 7 став 1, при кој е пред- видено со овој закон дека ако некој ја загрозува безбедноста и одбраната на Република Македонија, се одбива неговото барање за добивање државјанство, а притоа не му се дава образложение зошто некој ја загрозува таа безбедност и кои се тие дела и причини на база кои тој ја загрозува таа безбедност.

**РУФИ ОСМАНИ**: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Лично мислам дека овој член на законот пред се се однесува на вербалниот деликт од минатиот систем кога луѓето на идеолошка основа се осудуваа само за изразување на одредени пароли и под синтагмата на делување на албанскиот национализам и иредентизам и што не друго. Во таа смисла вчера јас поставив и пратеничко прашање и обврска е на ова министерство да информира кои се тие лица, за какви дела се работи, која е нивната национална структура за да тие лица имаат право да своето право на стекнување на државјанство сигурно го реализираат пред други органи, односно пред судските органи. Мислам дека оваа точка е до крај субјективна точка и под оваа алинеја навистина вака се решава несреќно судбината на голем број на лица кои воопшто во суштина не делуваат од такви позиции.

Понатаму, во член 8 се побркува поимот "иселеник". Не може ве молам господа да се поистоветува случајот на многу наши занает- чии кои работеле во бившите ЈУ републики и кои или привремено го менувале местото на престој заради обавување на стопанска дејност со иселениците независно од националната боја кои се иселиле да кажеме во други држави и кои добиле таков третман, односно добиле државјанство. Што се случува? Јас имам многу примери во Гостивар да луѓето кои обавувале таква дејност да сите членови на нивните семејства имаат државјанство, но само тие го немаат тој статус и тој статус се пролонгира со барање на разни документи мимо тоа што тие се родени во оваа држава, мимо фактот што тие имаат матичен број во документите што ги имаат, но само заради тоа што привремено со место на работење и живеење биле во други територии на поранешната СФРЈ.

Понатаму, член 9 на овој закон исто така е многу дискутабилен од аспект на обезбедување на средства и од аспект на обезбедување на

стан, односно станбено прашање за живеење. Имаме голем број случаи особено за мешаните бракови, односно за бракови за граѓани кои да кажеме биле од другите ЈУ републики да живеат заедно во брак со години 20, 30, 15 години да сега се бара за нив иако се стари луѓе со 50, 60 години да си обезбедат работа, односно извор за финансирање, да си обезбедат дополнителен стан иако заедно со брачниот другар и со децата живеат. И сето тоа се пролонгира до недоглед, а изгледа целта во овој случај и во други случаи е да ги фати луѓето таксата од 500 долари која да кажеме сега се принудени да ја плаќаат бидејќи им помина рокот кога сето тоа не важеше. По- натаму, голем проблем претставува од пактички аспект кажувам особено издавањето на личната карта за лица кои го имаат регулирано проблемот со државјанството. Мимо фактот што луѓето имаат уверение за државјанство не им се издава личната карта со разно разни проблеми. Во оваа смисла особено проблематично делува комисијата која треба да ја утврди фактичката состојба. Имено мимо обврската да таа комисија во рок од 15 дена изблeдува на лице место, членовите на таа комисија обично одат ненадејно, не најавено и одат во временски период кога или луѓето случајно не се дома, или се на патување по службени цели и тн. При повторно барање за да таа комисија излезе на лице место и во тој случај не само во рок од 15 дена, туку имам конкретни случаи и во рокови од 2,3, 5 па и повеќе месеци таа комисија не наоѓа време да излезе на лице место и да ја утврди фактичката состојба.

Понатаму, на база проблемите кои се ствараат со неиздавање на личната карта се издаваат патни исправи мимо фактот што статусот со државјанство е регулиран во кои патни исправи како место за живеење ве молам, се истакнува место на друга држава актуелно, мимо фактот

што тие граѓани имаат земено отпустен лист од да кажеме таквата друга држава која порано беше дел од поранешната СФРЈ. Па тие се чудни работи кои за жал се случуваат.

Сега да завршам со конкретни предлози на предлагачот да во некоја наредна информација се размислува особено под еден.

1. Рокот за престој да се намали од 15 години на 5 години како што предлагаат и многу други асоцијации и институции од надвор како еден разумен рок.

2. Член 7 точка 7, а особено став последен кога се одбиваат граѓаните кои наводно ја загрозуваат безбедноста и одбраната на Република Македонија да им се даде на луѓето образложение за сходно тоа образложение луѓето ги остваруваат своите права во другите инстанци на оваа држава.

3. Крајно време е да не си играме со судбината на луѓето и во ова тешко време да не ги оптоваруваме со такса од 500 долари, туку таа такса нека биде некоја нормална такса од некаде 100 долари, или некој друг износ кои ќе можат тие луѓе да го исплатат, бидејќи во суштина се работи за економско загрозени луѓе.

4. Мислам дека предлагачот на оваа информација мора да земе обврска во некоја наредна информација да аналитички сходно на другите дискутанти и сходно на одредени членови на законот за државјанство да даде аналитичка оценка и аналитички приказ на состојбата во оваа сфера, бидејќи ако 121 илјада наводно се луѓе со нерегулиран статус, а јас сум длабоко убеден, можеби таа цифра е 200 илјади па за мислете господа да 10% од вкупното население не го има регулирано овој статус што тоа навистина значи. Значи апелирам во оваа смисла да имаме навистина точна информација, бидејќи многу кажувања кои беа искажани и во текот на изборите, а многу последици сигурно ќе оставаат последици

и во тековното живеење на тие граѓани, бидејќи грото од нив ќе бидат прогласени за апатридни граѓани, а сигурно вие, а особено луѓето од правото знаат што значи тоа и ние не можеме тек така неодговорно да се однесуваме кон тие луѓе.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Бидејќи очигледно не успеавме во нашата намера да ја од- ложиме расправата по ова прашање, наоѓам за сходно и јас да кажам неколку збора во врска со информацијата која што ни е доставена.

Како прво мислам дека во оваа информација начинот на кој што се третира прашањето на прием на државјанство на Република Македонија преку некои заклучоци кои се вадат од една спроведена анкета не е целисходна и не ги презентира сите проблеми со кои што се соочуваат граѓаните при барањата, односно при обидите да се стекнат со државјанство на Република Македонија. Како многу битно според мене е и третманот на граѓаните кои што живеат во Република Македонија имаат семејства, имот и не претставуваат во никој случај - класични странци, а со законот и со интерпретацијата која што се прави на одредени законски членови овие граѓани се третираат како класични странци, како прв пат да поднесуваат, да доаѓаат во Република Македонија и како такви се решаваат нивните барања.

Втора работа која што сметам дека е од важност да се спомне е рокот кој што важеше од една година да граѓаните кои што бараат прием на државјанство на Република Македонија поднесуваат барања во тој рок од една година, или поради потребата од одредено упатство кое што беше потребно да се подготви од страна на МВР, тој рок дефакто беше скратен на околу десетина месеци. Сметам дека тој рок беше тогаш многу краток и токму затоа сите овие граѓани кои што сега потпаѓаат под режим на член 7, односно кои што благовремено не успеале да поднесат

барање под олеснителни околности по член 26 треба некои точки кои што беа и наведени тука како точка 7 од член 7 став 1 кој што му дава дискреционо право на МВР, односно на органот кој што одлучува да по своја проценка одреди дали некој ја загрозува безбедноста на државата, или не, да не се примени на овие лица. Освен ова во контактите што ги имаме со лицата кои што бараат државјанство, а се соочуваат со одредени проблеми дојдени сме до сознание дека одреден број на граѓани биле до- ведени во заблуда од страна на службениците кои што работат на шалтерите директно со странката. Во одреден број случаи и тоа не мал, странките биле доведувани во заблуда со тоа што им е предочувано дека доволно е да поднесат барање само родителите, додека децата по автоматизам ќе добијат, ќе се стекнат со државјанство. Таквиот начин на упатување голем број на лица и го прифаќале и сега сите тие се соочуваат со проблеми и не можат да се стекнат со државјанство под олеснителни околности. Во сите овие случаи органот кој што решава по овие барања воглавно, или во најголем број случаи, јас знам само еден, два исклучока им обрнува внимание само на искажувањата на службениците, односно не се прифаќаат објаснувањата од страна на странките дека тие така биле посочувани, односно така биле упатени. Сите овие случаи сметам дека треба да се третираат поинаку и на сите овие граѓани треба да им се овозможи да се стекнат со државјанство по член 26 под олеснителни околности со обновување на постапката по барање на странката. Во одреден број на случаи лицата кои што се уште го немаат регулирано државјанскиот статус, а поради тоа што тие живееле тука и немаат никакви документи од другата држава каде што се упатуваат да ги регулираат своите документи иако тие можеби законски се државјани на СРЈ, но поради приликите кои што се присутни таму, поради неможноста за нормална комуникација, поради

непостоењето на билатерални договори за овие проблеми помеѓу Република Македонија и СРЈ, сите овие граѓани се спречени на било каков начин да можат да комуницираат со другата страна и не можат да регулираат никаков документ. Сметам дека за овие граѓани треба со одредено упатство да се овозможи да се стекнат со привремени документи, документи за странци во Република Македонија, бидејќи тие се во неможност на било каков друг начин да го регулираат својот престој, односно движењето.

На крајот би сакал да предложам неколку начини кои што би требало да ги има МВР, Секторот за управни работи при истото Министерство при решавање на овие проблеми со кои што се судруваат граѓаните.

Првото би било да во догледно време, а сметам дека тоа никако не би смеело да оди подалеку од 1 февруари 1996 година да се направи еден целосен преглед на поднесените барања и причините поради кои не се примени. Со тоа ќе им се овозможи на странките благовремено да бидат информирани, известени и да добијат упатства како да го регулираат својот престој, односно барањата за државјанство.

По однос на третманот на лицата кои што не успеале благовремено да поднесат барање по член 2 6 под олеснителни околности, а кои што живеат во Република Македонија, имаат семејства, имаат имот, да не се применува точка 7 од член 7 став 1 бидејќи истиот по аналогија во другите држави може да се примени за класични странци, но не и за граѓани кои што целиот свој живот го имаат поврзано со Република Македонија и тие во никој случај не би требало да се подведат под овој режим.

И на крајот имајќи го во предвид искуството кое произлегува од досегашната примена на овој. закон, односно големиот број на граѓани

кои што нема да можат да го решат државјанскиот статус, а не се граѓани кои што сега се дојдени, туку тука живеат, тука имаат семејства, имоти, а истовремено алудирајќи и на препораките од одредени институции кои што престојувале во Република Македонија, а пред се на набљудувачката мисија на ОБСЕ на последните избори кое што исто така има одредени сугестии во врска со законот за државјанство, сметам дека треба да се изготви закон, Предлог на закон за измена на Законот за државјанство во овие неколку дела кои што сметаме дека се најпроблематични, а кои што и во самите извештаи на овие меѓународни институции се наведуваат.

**НАЗМИ МАЉИЧИ:**

Јас лично имав едно убедување дека оваа информација има да личи на еден сериозен документ да кажам за нас пратениците, но значи таквото мислење било погрешно од моја страна. Лично мислам дека оваа информација личи на една анкета просто да кажам новинарска анкета, а не информација од еден сериозен државен орган како што треба да биде Министерството за внатрешни работи. Од оваа анкета не може да се добие ништо што можеме да допринесуваме и на граѓаните да им се достави една информација дека Министерството за внатрешни работи и оваа Влада сериозно гледа на решавање на овие проблеми во врска со државјанството.

**НАЗМИ МАЛИЌИ: (**Продолжение)

Во последно време, значи за граѓаните кои до 11 ноември 1993 година не влегоа со барање да се здобијат со државјанство,од тој ден сите граѓани се приморани да се вклучат со барања од член 9 и член 7. Јас мислам дека претходните дискутанти доста рекоа за малверзациите и се што може да се работи во врска со овој член.

Се поставува едно просто прашање и едноставно. Кои критериуми им служат на Министерството за внатрешни работи, или кој е нивен генерален критериум во Законот за државјанство во врска со член 7 став 1, од член 7. Се одбиваат барањата на граѓани кои се родени во Македонија. Се одбиваат барања на граѓани кои имаат склучен мешовит брак. Исто така, се одбиваат барања на граѓани, кои дел од семејството се здобиени со државјанство на Република Македонија. За тоа имаме доста примери. Јас мислам дека оваа информација така ни дојде на дневен ред без да е претставник на Влада и без ние пратениците да бидеме навреме информирани и со конкретна аргументација да се соочиме со претставникот од Министерството за внатрешни работи

Стои еден пример за една граѓанка од Куманово, која има завршен факултет, Медицински факултет, со семејство во Куманово и исто така склучен брак со еден ценет човек и спортист од Куманово и на двајцата им стои односно им се одбива барањето од член 7, став 1, точка 7 од Законот за државјанство. Се поставува прашање што може еден школуван човек или една докторка да го загрози или да има таков критериум да се внесе во тие податоци дека не ги исполнува условите и ја загрозува безбедноста на државата. Бидејќи тој критериум така фамозен ќе биде и е и така се коментира без некое целосно образложение. Или, исто така, еден друг пример за граѓанин кој е роден

во Македонија, целото семејство го има добиено државјанство на Република Македонија ист одговор. Одговор само за тоа што задоцнил, значи не ги доставил документите за државјанство да се здобива со неговиот родител.

Имаме пример човек младинец што служел армија и за тоа време не бил во состојба да поднесе документ, или барање да влезе со бараше исто му се одговара. Добро, мене ми е јасно дека 1993 година и 1992 година не беше барано уверение за државјанство да се оди во војска. Но, ако има аргумент дека човек служел војска и само затоа што служел војска, значи треба да му се одговори негативно на неговото барање. Уште повеќе имаме податоци дека дел од граѓани посебно од албанска популација, иако се здобиени со државјанство, иако се родени во Македонија, ако при вадење на нови изводи на родени во рубриката за државјанство им стои цртица. Значи, тој иако го има добиено државјанството, пак има пречки да се здобие со други документи.

Ако се гледа член 4 мислам дека се работи за граѓани на Македонија кои не се дојдени во Македонија. За жал Албанците и овој член им создава проблеми и во Министерството за внатрешни работи критериумот да се даваат уверенија, мислам за утврдување на државјанство им оди многу тешко.

Член 9, ние имаме граѓани во Македонија со мешовит брак. Иако 14,13 или 10 години се во брак сопругата или сопругот треба да се пријави како странец. Бидејќи во член 9 не стои баш така, но во Министерството за внатрешни работи го коментира или поставува таков критериум што треба три години да е во брак со државјанин на Република Македонија, а не три години туку 15 години, всушност 14 години во брак или 13 години, само заради тоа што е одбран или

толкувањето е погрешно на овој член и така се создаваат проблемите. Да се зборува за Законот за државјанство. јас мислам нема потреба бидејќи ова е информација таква што ние треба да ги наброиме аргументите и да излеземе од ќор сокак. Бидејќи 120 илјади граѓани на Република Македонија да немаат документ за државјанство и да се остават на тапет тоа се големи семејни пореметувања, тоа се проблеми што навистина оваа Влада треба да ги реши и треба да ги реши на тој начин без некоја плашливост, туку со смелост, пошто популациона политика не може да се води и нема; да има успех ако се мисли дека, ако им се спречи на дел од граѓаните да се здобијат со државјанство ќе се стори нешто добро. Напротив, тоа не е во корист на ниту еден граѓанин на Република Македонија да остане надвор од евиденција, или да кажам да остане во една состојба да бара друг излез, или да е без документ што е тоа најлошо.

Уште еднаш ќе го повторам она што го реков на почетокот, јас мислам дека претставникот на Владата требаше да биде присутен и оваа информација требаше да ги исполни барам елементарните услови да се информираме за овој проблем, а да не личи на една обична новинарска анкета.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави господинот Абди.

**ФАИК АБДИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, ако се сеќавате вчера јас поставив едно пратеничко прашање до нашата влада дали Владата сама може да размисли и да ни предложи односно да донесе своја уредба со која ќе се намали онаа такса за државјанство од 500 УСА долари на нешто помалку или да биде тоа многу симболично, не

100 долари како што рече еден колега, младиот колега. Сакам да кажам дека без да ое гледа Законот за државјанство, без да се гледа оваа информација што е направена, ние имаме такви опасни поставки во Законот за државјанство, што човек ако внимателно го прочита се најде самиот себеси внатре и се најде комшијата внатре, бидејќи кај мене се јавуваат многу луѓе со пишан документ, со жалби со поплаки, со се тоа, јас ургирам до МВР за вакви работи, знам каква е ситуацијата и многу ми е тешко кога знам дека луѓето се стекнале одредени лица со право на пензија. Вели господине Абди, јас сум стекнал право на пензија во Гранит, во Маврово и не знам каде, не можам да имам државјанство заради тоа што жена му не може, заради тоа ете Законот и н. Еден вели, млад човек е 35 или 36 години, се смее и влегува кај мене дома, добар пријател, ме одбиле заради тоа што немам куќа и немам од што да живеам. Јас му се јавувам на помошникот министер, не сакам да го именувам кој е ама добри пријатели сме, па му викам, слушај, кај мене е еден човек, па овде сте му напишале заради тоа што нема куќа и нема од што да живее. Тој вози кола од 4 5 илјади марки има куќа не нам колку да не зборам и има армоника од 28 илјади марки. Тој 25 години е член на Здружението на музичарите на Македонија Тоа му е пети факултет тој каде што свири по овие меани, кафани итн. Ајде нека понесе жалба, ќе свршиме работа. Сакам да кажам дека има навистина многу нелогични работи и ако вие не знаете, ако не памтите овие пратеници кои што беа порано во првиот состав знаат дека ние имавме големи маки овде во оваа сала кога го донесовме законот за државјанство. Еден пратеник од една партија стана и овде рече, мие коса, ќе дојдеме на власт тие што не се Македонци најмалку за нив ќе има 30 години за да биде државјанин. А јас оттука, тука седев му велам тоа нема да го дочекаш. Сакам да кажам дека тоа е опасна игра, навистина опасна игра, пред се, човештината. Па, еве, фала богу Босна се смири, Србија и Хрватска. Па, ние сме во

сите институции на Европа. Ние сме се европеизирале. И со умот да се европеизираме. Што е тоа толку што сме се напрегнале. Што е тоа толку инат . Јас предлагам мнозинските партии овде што се, а тоа е СДСМ, на Либералната партија, ПДП и Социјалистичката партија тие сами да покренат постапка односно преку своите министри Владата да поднесе предлог за измени и дополнувања на Законот за државјанство. Инаку, поединечно овде ништо нема да помине. Не, европеизирани, уште сме во подстеста тоа мислиме, тоа па тоа. А, има едно презиме, на пример, Абдиу и ако е Ром, ако е зборот албанци, колку роми има да знаете кои дошле, а дошле по ослободувањето знаете како е. Можеа да живеат од Триглав до Гевгелија. Тука работел, тука живеел, тука му умирале, деца фамилија ИЈТН. меѓутоа, еден не може. А тоа значи кога е болен, знае госпоѓа Куљан ги испраќа таму на породување без пари и без ништо, затоа што се сиромашни, не може социјално, заради тоа што не е државјанин нема од каде, не може онаа минимум социјална заштита да ја искористи. Неможе" да купи куќа, не може да купи деловен простор, не може да купи ова, не може да купи она. Многу работи не можат затоа што не се државјани. Тоа е навистина неможно. Чујте, јас сум живеел во Австралија. Таму демократично било, во Перт, Западна Австралија, да нема лична карта. Документ за идентификација. Доста му е возачката дозвола или пасош или не знам што. И тоа по пат на референдум се изјасниле. Таму државјанство, јас кога бев за две години, па после станало пет години, сега е пак три години. Но, треба да даде заклетва и тоа на церемонија на кралицата дека ја почитува, кралицата Елизабета и законите итн. Ако треба и тоа да го направиме, само немаме крал, немаме цар, немаме ништо и не ни требаат такви работи.

Јас предлагам, ги почитувам и ги респектирам законите што сме ги донеле, за кои и јас сум гласал и оваа информација што ја имаме од Министерството за внатрешни работи. Меѓутоа, сум за тоа нека Владата направи измена и дополна и нека предложи дополна измена или состанете се група пратеници од ПДП, група пратеници од СДС, од Либерална партија од Социјалистичка партија и така може да помине тоа. Инаку, само ПДП, се лажете. На оној закон односно сооj ден кога го донесовме законот тука не беа присутни пратениците на ПДП, тие ја напуштија салата, овде јавно го кажувам тоа не чинеше, меѓутоа, сигурно имаа голема болка, па ве молам, напорите што ги правите вие пратеничките групи, греота е на овие луѓе да не им помогнене. Па, каде ќе одат? Нема каде да одат. Каде ќе ги бркаме во некоја друга држава? Кој ќе ги прими?

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави господин Шаќири.

**ХИСНИ ШАЌИРИ:**

Даме и господа пратеници, информацијата за досега регулирани, државјански статус и резултатите од анкетното истражување би сакал дури на почетокот да го изнесам моето мислење во врска со ова чувствително прашање за нашите граѓани, кои претставуваат како резултат на усвоениот фамозен закон за државјанство. Имајќи ја предвид сериозноста на овој проблем, информација според сите критериуми не би требало да има ваква содржина, базирана пред се според резултатите од анкетно истражување. Ваквиот настап на МВР,односно и на Владата претставува минимизирање на проблемот во едно н целосно игнорирање на оној дел пратеници кои беа заинтересирани за подетално информирање со суштината на овој проблем.

Тргнувајќи од фактот дека Владата,односно ресорното министерство располага со точна информација за сите граѓани кои го имаат регулирано државјанскиот статус, истовремено и кои го немаат, зошто го немаат по која причина, тогаш се најавува потребата да прашаме зошто така во овој случај се послужила Владата со резултатите од анкетното истражување, кога сите знаеме дека ваквата информација се практикува кај новинарите и кај другите невладини институции, да не ги набројувам тие невладини институции.

Со овој акт МВР се откажал крајно некоректно за своите обврски што ги има кон Парламентот, дури се една доза на потценување се потрудил овој проблем да го амортизира како проблем од неформален карактер. Бидејќи се работи за 121 илјада, според цифрата таму што е изнесена во Информацијата, дали е точна или не е, јас не можам да им верувам, граѓани кои се уште без државјанство, овој проблем е многу сериозен и не може да се минимизира така како што мисли Владата или Министерството за внатрешни работи. Пред да стапи овој закон во сила овие граѓани не се третирани тогаш како странци и сите нивни обврски кон државата со голема одговорност и на хуман начин ги извршиле. Но, сега ете за жал се третираат како странци, не можат да ги регулираат најпотребните документи, проблемите сите ги знаеме зошто се така. Овој закон дури на почетокот кога се усвои, по мој впечаток немаше таква намера да ги решава проблемите на граѓаните на вака чесен начин бидејќи законот дури на почетокот имал политички карактер. Законот како закон јас и сите наши пратеници од пратеничката група не го гласавме. Меѓутоа, денеска ете за жал се спроведува и како така одделен дел од граѓаните мора да се почитува и овие кои не можат да стекнат државјанство по пат на законот бидејќи овој закон никакво решение не нуди за еден одреден дел на граѓаните  и овие се принудени

нивните барања да ги доставуваат до органот кој е надлежен за овие работи.

**ХИСНИ ШАКИРИ:** (Продолжение)

Проблемот засега е најприсутен во многу општини кон западниот дел на Македонија, поготово во оние општини кај што живеат албанците, бидејќи во Куманово во западниот дел на општина Куманово, живее огромен број од албанците, таму е бројот уште не добил или не го регулирале статусот на државјанство, според информациите што јас ги имам од контактите што ги имав со граѓаните од оваа општина, се движи од 5 до 6 илјади. Голем број од нив се одбиени според членот 26 од Законот каде што се бара секој човек кој поднел барање мора да го исполнува условот дека има постојан извор на средства и некои други многу важни работи , стан и т.н. Исто така се одбиени и според членот 7. Јас тука имам два одговори од органите и еден од Врховниот суд како решение, односно како пресуда, а еден од второстепената комисија каде се одвива Аџи Малиќи кој поднел барање според членот 26 , а органот го одбил според членот 7, став 5. Значи човекот се обратил кон органот според членот 26, бидејќи ги исполнува условите според член 26, а во решението од втотостепената комисија му се враќа одговор според член 7. Во членот 7 став 5 се знае што се бара.

Другата пресуда е регистрирана под број 19-22/93 од Врховниот суд, се изнесува исто така за лицето кое се вика Абдули Хасан. Таму во еден пасос од страна на Врховниот суд пишува вака: "Тоа пак што тужителот живее 27 години на територија на Република Македонија и женет со државјанка на Република Македонија, исто така не е од значење за донесување поинаква одлука бидејќи и сопругата не е вработена", а според член 9 од Законот граѓанин кој стапи во брак со државјанин на Република Македонија за да стекне државјанство треба да

има постојан извор на средства. Тој тука има стаж 28 години, сигурно и е роден тука, исто така и за првиот случај кој веќе од 1956 година, ајс имам точни информации, живее во Република Македонија, роден е овде и еве вакви шпекулации има многу. Па прашање е дали постои дилема кај законот или кај органот. Јас не знам што ќе мислат надлежните органи за оваа работа, бидејќи за мене е многу сериозна и треба или претседателот на Републиката со еден указ да го реши овој проблем за сите граѓани кои што беа овде, во Републиката од денот на осамостојувањето или треба да се измени овој закон, се додека овој закон како и сега не понуди поинакво решение. Алудирајќи на законот ќе се послужам со едек пример - додека во многу други ЈУ републики по пат на војна се прави етничко чистеше на териториите врз база на ентитетот, се знае од страна на националните лидери, кај нас по пат на законот се обидува органот тоа да го прави. Една таква огромна бројка како што е внесена во Информацијата, 121 илјада без државјанство, јас никако не можам да се помирам со овој проблем, а и секој чесен граѓанин во Македонија не треба да се помири. треба да се најде начин за да се надмине оваа грешка што е направена. по пат на законот и не е направена вака случајно, туку со една политичка заднина. Зошто се прави, сите ние сме свесни, знаеме каде целата оваа проблематика и каде се инсистира проблемот вака да се фрли.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Харуни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници. Ние полека полека влеговме во расправа, и тоа по ваше инсистирање, зашто Вие од говорница многу благо постапувате и многу благо говорите

меѓутоа од зад Вас влечете еден многу долг став. Затоа биде- те вака добри и сослушајте ме малку.

Законот за државјанство на Република Македонија се донесе уште на 27 октомври 1982 година. Сите сме сведоци дека војната во бившите ЈУ републики беше почната. А сите потребни документи врз основа на законот, кој што граѓаните требаше да ги достават за да се здобијат со државјанство на Република Македонија, беше неможно. А уште и некои што се обидоа да влезат во тие места, некои од нив се вратија и во сандуци. Јас мислам дека врз основ ана информацијата ние немаме што да расправаме, поради тоа што таа е несодржајна, некомплетна. Пред лагам истото да се врати на повторно разгледуваше на Владата и како таква на една од првите седници на Собранието таа да биде доставена до сите пратеници. Ако бројката од 121.006 граѓани и тоа полнолетни не се здобиени со државјанство на Република Македонија, иако се немало намера од сите тие граѓани да се земат по 500 долари, и размислите дека 60.503,000 долари да се одземат од овие граѓани кои го немаат регулирано овој„статус. Ако не е ова втората намера, јас не верувам дека целата на Владата и на одредени кругови не им била друга. И плус тоа имаме анкетирани ела кои што денеска како населени места воопшто и не постојат. Не постојат, луѓето. Па затоа сакам да кажам и на сите други пратеници дека нашите забелешки и на некои други дискутанти овде се уште поголеми или мислам дека тој број е знатно поголем. Само во мојата изборна единица има околу 7 илјади луѓе кои што го немаат регулирано статусот. Тоа се луѓе со брати со свои 70-80 години, а нивните деца се дедовци, баби се нивните деца и уште тој статус на државјанство го немаат регулирано .Па затоа оваа информација не само што не заслужува третман на расправа , туку е крајно несериозен документ да се стави на расправа пред Парламентот на Република

Македонија. И затоа немам што друго да кажам. Куп луѓе и документи доаѓаат и кажуваат и се жалат, "оди во Босна" некои од Травник , некои од Брчко, некој е од друго место, некој е од друго подрачје што е зафатено со пожарот на војната. Со што е таа намера - оди и да не се вратиш. Ти одиш по еден документ за да го регулираш статусот на државјанство, а целта е да оди и повеќе да не се врати, или како таков човекот да се врати во сандук. Такви имаме икс примери. Тоа треба да не загрижува како и бројката од 121 илјада. Замислете тоа се полнолетни граѓани, над 18 години, а колку нив ги има под таа возраст и ќе излезе дека половина граѓани од Македонија го немаат регулирано статусот на државјанство. Има ли тоа смисла? Затоа реков уште на почетокот, претседателот некогаш инсистира иако и самиот тој е убеден во тоа дека ваква информација е не само несодржајна туку и несериозна. И полека, она што го реков на почетокот, дека многу благо зборувате, а многу долг стап носите зад себе.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Сали Рамадани.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Гледам денеска со исто огледало: Прво какво е Министерството таква е и информацијата за денеска, каква е Владата - такви се министрите денеска, каков е Парламентот - такви сте Вие и ние сите денеска. Во право е предлагачот кога бара да не се стави на дневен ред информацијата. Меѓутоа од нив само четворица само се присутни. И моите згрешија? Координаторот во име на нашата Парламентарна група на ПДП на албанците и НДП не се сложи со оваа информација и бараше

да исто како што предложија и предлагачите. Меѓутоа, и моите, сепак, почнаа со дебата и од прилика и дебатираа, дури и многу убаво, меѓутоа не беше место. Затоа не мислам да дебатирам, затоа сто оваа информација да не повторувам како што кажа нашиот координатор, каква што е, не заслужува да се расправа воопшто, од многу причини. Прво ние добивме дневен ред за оваа точка точно денеска, а вчера имавме седница, а теле грамите за таа седница се пристигнати вчера навечер, значи кога веќе одевме на спиење. Денеска се предложија неколку точки на дневен ред, да ви кажам зашто не дебатирам, значи ова е несериозна работа. Кога предлагачот го повлекува својот предлог, а пратениците и од нивната коалиција гласаат за таа точка во дневниот ред. Претседавачот на некој начин тоа ни го импонира и полека полека Парламентот се претвара повеќе пати во партаомент. Значи не дебатирам туку предлагам и кажувам колку недостатоци има овој закон, што не е мој грев зашто е од претходниот состав, некој го гласал и од албанците неколку ни се познати и добро направија и тој закон каков што е, како таков со една реченица би рекол е целосно против албанците. Значи антилабански закон. Затоа предлагам Владата да подготви нов Предлог на закон за изменување и дополнување на овој дискриминаторски закон и ако тоа во најкус рок не го направи Владата, тогаш ќе го правиме мислам сите ние 19 албанци што сме во овој Парламент. И после ќе видиме каква дебата ќе има. И да Ви кажам уште од сега , без оглед на тоа како ќе се гласа за тој закон, кога ќе гласат, , а ќе гласаат за измени и дополнување, сите албанци и некои од другите партии, тоа значи дека за тој закон гласаат сите албанци во Македонија. Да кажам уште тоа и за сите други закони доенсени до денес, кога не гласа, па било тоа и една пратеничка група , значи за тој закон за тоа не гласаат албанците во Македонија. Значи предлагам Владата го направи

тоа, а ако не ние тоа ќе го направиме албанците. Значи барам нов Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за државјанство. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор пратеникот Насер Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Почитувани дами и господо, уште на почетокот една генерална забелешка, впрочем како и многу мои колеги, за пристапот на Собранието кон ова прашање што е на дневен ред.

Најпрво сметам дека направивме голем пропуст што воопшто раcправаме по ова прашање без присуство на одговорен човек на ресорот на кој комплетно се однесува проблематиката што е .ставена на дневен ред.

Сметам дека ваквиот начин на работа не ни доликува, а тоа впрочем е една реална слика за односот на Владата кон Собранието и во оваа прилика и не само по ова прашање зашто карактерот на работите што ги третира информацијата, туку воопшто да се расправа по предлог односно по информација на Владата, а да нема присутен ниту еден министер на Владата, тоа го покажува;;односот на извршната власт спрема Собранието, констатација која што на неколку пати од оваа говорница е дадена и упатени се такви забелешки.

Кога веќе почнавме да расправаме како што рече и претходниот дискутант, тогаш сум принуден да ги искажам и моите видувања во однос на информацијата. Не случајно ние уште на почетокот на расправата

баравме информацијата да се врати, таа да се дополни и потоа како комплетирана да биде предмет на расправа во Собранието. Но кога веќе не се постапи така, морам да ја изнесам констатацијата која што многу мои претходници ја имаа кажано дека информацијата не лична информација на орган на државна управа односно на информација Министерството за внатрешни работи. Просто за мене е несфатливо, како може Министерството за внатрешни работи да поднесува информација пред Собранието со апроксимативни, хипотетични и не знам уште какви претпоставени податоци. Дали е тоа орган на државната управа кој располага со податоци за добиените барања, за решените барања, а за статусот на граѓаните, колку во оваа држава има со решен статус, колку има во постапка да се решат, колку се одбиени, според кој критериуми< се од- биени, која е националната структура и уште неколку други прашања со кои мора Министерството за внатрешни работи да располага. Воопшто за мене е несфатливо пред Собранието да се понуди една ваква штура и никаква информација.

Но, покрај тоа, сметам дека две три праша&њ кои можеби несакајќи се изнесени во информацијата одат во прилог на она наше залагање што упорно сакаме да го докажеме и пред ова Собрание и воопшто пред јавноста во Република Македонија. Доколку се чита информација ќе видите дека во точката 1 од вкупно добиените државјанства по сите основи и по барање за прием и по утврдување и констатација за регулирање има 90.578 граѓани од кои само 24 илјади се албанци и 20 илјади се срби, 12 илјади се муслимани и т.н. Мене ми е многу свежа информацијата издадена, можеби не легално преку Министерството за внатрешни работи по однос на истото прашање во пресрет на изборите во 1994 година, каде што беше изнесен податокот од ова Министерство дека од 140 илјади граѓани со нереулиран државјански статус во Република Македонија 90% се албанци или од тие што бараат 90% се

граѓани албанци. Самиот податок овде изнесен ги демантира. Во тој поглед немојте да ја сватите денешната расправа и не само денешната, туку перманентното наше залагање за еден поинаков пристап кон ова прашање како лично етничко поврзано прашање за албанците во Република Македонија.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Напротив тоа е едно почувствително прашање, тоа е едно поделикатно прашање што се однесува за статусот. Тоа е животно прашање на многу граѓани во Република Македонија, без оглед на нивната национална припадност.

Сметам дека проблемот не е само во содржината на Законот за државјанство во Република Македонија, кој и те како е многу порестриктивен особено виза ви истите закони во останатите ЈУГО републики па и пошироко, каде што цензусот од 15 години и другите критериуми се многу полиберални во останатите држави, каде што, заради приликите настанаа овие промени што се.

Проблемот е некаде на друго место. Поголем проблем со кој се соочуваат граѓаните на Република Македонија е токму неадекватна- та и неправилна примена на законските одредби на Законот за државјанство. Според информациите со кои располагам само во Врховниот суд на Република Македонија чекаат 4 илјади барања кои на трет сте- пен се решаваат во судска инстанца, а одбиени по основ на член 7, став 1 точка 7. Можеби новите пратеници не знаат. Но, ние, кои бев- ме во претходниот мандат пратеници, знаеме дека се работи за дискреционото право на органот за внатрешни работи, т.е. Службата за државна безбедност самоволно да преценува и покрај исполнувањето на сите законски услови дали на некој граѓанин ќе му даде државјанство или не. До колку бројката од 12 илјади предмети што како точна се дава во Информацијата е таа, тогаш значи 1/3 од граѓаните кои ги исполнуваат условите се одбиваат од Министерството односно од страна на Службата за државна безбедност врз основа на тој критериум, кој многу волонтаристички се интерпретира и толкува од Службата за државна безбедност.

Господа, не се работи тука за водење на некоја имиграциона политика на државата Македонија кои странци, кои сакаат или би сакале да доаѓаат да престојуваат во Република Македонија. Се работи за статус на граѓани на Република Македонија кои не по нивна волја останаа патриди, без државјанство, а беа државјани од таа наша некогашна заедничка СФРЈ. И, граѓани кои, согласно Законот за државјанството ги исполнуваат критериумите по однос на престој 15 години и по однос на познавање на јазик и по однос на средства за одржување и по однос на станбено решено прашање и сите критериуми што се наведени во Законот. А, органот си зема за право дискреционо да одлучува, затоа што тоа и му го дадовме, но тоа и го злоупотребува сега, да ги одбие сите тие барања. А, се работи за луѓе кои се венчани, луѓе кои 30-40 години имаат брак склучено во Република Македонија со државјани на Република Македонија. И, денеска ги доведуваме во таква ситуација тие да немаат статус на државјани. Утре и да раскинат бракови и да настануваат секакви, не само социјални, семејни па и политички проблеми.

Поаѓајќи од овие причини, сметам дека Собранието треба да заклучи да ја одбие Информацијата како неточна, непотполна, невистинита и да бара од Владата на РМ односно од ресорното Министерство дополнителна Информација со точни податоци за кои зборував во претходната моја дискусија.

Да се дадат насоки за начинот на примена на член 7, став 1 точка 7 од Законот за државјанство на Република Македонија, во смисла на тоа, сите барања што потекнуваат од граѓани на Република Македонија затекнати со статус од бившите ЈУ републики, а кои ги исполнуваат и до денот на усвојувањето на Законот,законските услови во поглед на престојот, да им се удоволи барањето и тука нема што да најде примена

членот 7, став 1 точка 7 од Законот, односно дискреционото право на Министерството да се лиши, во поглед на оваа категорија на граѓани. Не зборувам за граѓани кои денес сакаат да доаѓаат од Албанија, Бугарија или од било каде би сакале да дојдат.

И, секако дека како моја констатација што и на почетокот ја кажав, овој закон е многу порестриктивен од многу закони кои барем јас сум имал можност да ги гледам во однос на добивање државјанство. Поаѓајќи од тоа, сметам дека Собранието треба да заклучи во смисла и на залагањето на многу пратеници пред мене, да се пристапи кон измена на Законот во смисла на измена на член 7 став 1 точка 2 од Законот. Тоа предлагачот, кој за жал денес не е присутен, нему му е добро познато.

Господине претседателе, ние како пратеничка група имаме припремено Предлог - заклучоци што сакаме да ги поднесеме пред Собранието. До колку Службата не е подготвена да ги понуди, ќе ве молам да дадете пауза пред да завршиме со оваа точка.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Ајдарага.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

На почетокот да кажам, не е никакво чудо, не се случува прв пат она што се предлага од наша група да не се прифати, тоа ни е јасно, такво е расположението, а посебно расположението на претседателот. Нека тоа биде проблем за него.

Сега, за темата за која што зборуваме.

Не случајно е она што беше поведена иницијатива за поднесување Информација за регулирање на државјанскиот статус. Прашањето на

решавање на државјанскиот статус е прашање од животен интерес за граѓаните на Република Македонија. Без државјанство не можат да се решат голем број граѓански права сврзани со постоењето на битието - човек: вработување, стекнување на изборно право, стекнување на права од социјалната заштита и ред други права.

Донесувањето на Уставот на Република Македонија од страна на Собранието на РМ кој што не го гласав, сметам дека сепак, како што тој декларативно се изјаснува, дека граѓаните пред законот се еднакви и на сите им се гарантираат граѓанските права, останува и натаму декларативен, особено ако се имаат во вид сите оние податоци што беа тука изнесени од страна на говорниците, од страна на сите говорници тука.

Зошто е така, мислам дека можат да знаат само оние кои ја креираат таа политика. За жал ја креираме ние, односно помагаме ние да се креира таа политика.

Зошто е тоа така, мислам дека еден ден ќе дојде време да се малку, малку освестиме. Не знам дали на Македонија и е потребна една Босна па да се освестиме. Ни во никој случај не се залагам нити се слагам за една таква работа. Но мислам дека треба да бидеме свесни и да внимаваме што правиме.

Многу дискриминација по сите работи. Нема работа која што ги тангира националностите, посебно Албанците да не се дискриминира. Нема работа. Изјавувам со потполна одговорност. Еве, управо и ова сега, јавно ги повикувам господата други пратеници од ова Собрание да се изјаснат по оваа информација и да не молчат. Не е ова прашање што не заслужува внимание.

Во Дебар има случаи да се одбиваат од државјанство и такви лица, какви што имаше и во други општини, жена, мажена за Дебарчанец 1950

година се одбива од државјанство. Од 1950 година живее во Дебар. Се одбива од државјанство. Има пасош југословенски, не важи. Има лична карта, не важи. А, согласно законите кои беа тогаш во сила, на човек да му бараш државјанство а ти покаже лична карта, тоа беше казниво дело, ми се чини по член 255 од Кривичниот законик и се одговараше со затвор. А, што правиме ние сега? Какво дискреционо право сме дале на едно министерство со тој закон?

Мислам дека е време, повторно да кажам, да се освестиме и да извршиме исправка. Тоа беше и причината што јас на почетокот, во својство на координатор на пратеничката група барав да се одложи. Расправаме и некој не не слуша. Дали така? Дали тоа сме го заслужиле како пратеници да расправаме а никој да не не слуша? Кои сме ние? Дали е Владата повисок орган или Собранието? Зад Собранието, односно зад пратениците стојат сите избирачи. Зад Владата стоиме ние. Не може Владата да биде повисок орган од Собранието. Во никој случај. Треба да ни биде јасно, но сепак повторно ќе повторам, нека ни е на чест на сите пратеници, особено на пратениците од коалицијата. Особено на пратениците од коалицијата, на СДС и на Либералната партија и на Социјалистичката партија. Вака ли ќе расправаме?! До тоа ли ќе доведеме ние одредени наши прашања да бидат тек така поминати?! Може ли вака? А, кога се во прашање нашите обврски, тука сме сите! Тука се Албанците кои не плаќаат данок! Тука се Албанците кои не служат војска! Така ли треба!? Вака ќе ги решаваме проблемите?!

Многу беше поднесено, од неколку дискутанти дека Информацијата е неприфатлива. Неприфатлива по никој основ. Со такви ли податоци уште ќе вртиме, како во некое време, кое што кажавме дека не заслужуваше да го имаме?

(Коментар од место).

Може, кој сака нека го побара, може и да му се врати таквото време.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тишина, тишина.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Ако некој сака тоа може да го оствари.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Повелете продолжете. Тишина.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Може да оди во друга држава па да го има. На пример во Кина може да оди па да го оствари тоа време. Јас не би сакал да го имам тоа време.

Информацијата, како што предложија многу мои соговорници, ја одбивам, не ја прифаќам и барам ова Собрание да заклучи Информацијата да се одбие како непотполна, нереална, која не одговара на вистинските состојби и дополнета со нови показатели за решавањето на државјанскиот статус на сите граѓани на Република Македонија, по сите основи, по сите членови што ги цитира Законот по кој основ може да се стекне, да биде повторно на разгледување пред ова Собрание.

Благодарам за вниманието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Мерсел Биљали,

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, сакајќи ние да се сложиме или не изгледа дека стана ова чувствително прашаше и веќе е повеќе политичко, морално, па ако сакате дури и безбедносно прашање.

Тука, од оваа говорница ние слушавме дека не е потребно да биде тука присутен претставник на Владата. И, на таква, навидум логична констатација јас сметам дека исто така постои логично потпрашање. Тоа се состои во тоа што ако некој бара дополнително објаснување? Тогаш, кој ќе го даде и кој ќе објаснува тука? Значи никој компетентен не е присутен тука.

Оттука произлегува дека претставниците на Владата задолжително треба да бидат присутни тука. За жал, праксата и за оваа област е полна со апсурдни ситуации и тоа апсурдни не само од формално - правен карактер во врска со закони, туку и од практичен карактер. И, ние тука веќе слушнавме неколку примери што се однесуваат на индивидуални и колективни случаи. Тие се за жал, трагични. Значи имаме една ситуација која може да се квалификува вака:

Од една страна Законот, кој, мора да се сложиме е многу рестриктивен и тоа во споредба со повеќе закони што ја уредуваат оваа материја од бившите социјалистички држави, сметам дека македонскиот закон е порестриктивен. Меѓутоа, тоа е правно прашање. Има други механизми да се измени таа состојба.

Од друга страна имаме состојба на волонтерно толкување и намерно волонтерно, еднострано толкување на Законот и рестриктивно, ако сакате толкување на Законот и сето тоа за повеќекратни политички цели. Јас не сакам да навлегувам во тоа, бидејќи се тие цели општо познати.

Од трета страна имаме практични резултати кои фактички тие резултати, тие ефекти од таков закон, од таква примена ги чувствуваат недолжните граѓани кои никако не се виновни зошто дошле во таква состојба.

Значи, ние знаеме дека СФРЈ постоеше како субјект на меѓународното право и нејзините бивши државјани беа државјани на таа држава. Ирелевантно беше републичкото државјанство, затоа што практично ние имавме една економска целина, една културна целина, една комуникативна целина. Сега, таа држава веќе ја нема. Бидејќи ја нема, од тука се поставува едно логично прашање, зошто треба да сносат последици граѓаните кои не знаеле дека ќе се распадне бившата Југославија или не беа должни да знаат дека ќе се распадне таа држава, а ниту има логика да се обврзани да знаеле и да предвидуваат дека ќе се распадне бившата Југославија. Значи, тие без своја вина се наоѓаат во една состојба која, мора да признаеме, е доста дели- катна.

Јас сум сигурен дека и државата, долгорочно, ако се анализира нема причина да постапи така со граѓаните. Затоа што, јас се прашувам, првенствено од психолошки аспект се прашувам како ќе ја чувствуваат тие граѓани таа држава, на пример, ако таа ги мал- третира 10, 15 години или повеќе. Јас сум сигурен дека повеќемина од тие граѓани утре или денес ќе се здобијат со државјанство. Меѓутоа, сакам да наведам дека сепак не треба да останат морални трагови во односот држава - граѓанин, без оглед на националната припадност.

Пред извесно време се слуша дека Владата ќе расправа во врска со Законот, односно ќе дава позитивни насоки во врска со извршувањето од страна на нејзините органи, односно Министерството за внатрешни работи. Ми се чини од тоа ништо. Не преостанува ништо освен да се

покрене постапка за изменување и дополнување на Законот. Јас сметам тоа е во општ интерес на Македонија и е веќе Македонија и во овој домен да се легитимира навистина како демократска држава која ја почитува реалноста а исто така ги поддржувам предлозите во врска со заклучоците, односно Информацијата да се врати до Владата, односно Министерството со нов предлог, дополнителен предлог во рок од еден месец да се достави друга информација.

Благодарам.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници,

Денеска отворивме една расправа по една информација, а во суштина таа информација треба да покаже дали Законот за државјанство реално ги регулира односите во државата и ја постигнува целта за која е донесен. Во суштина расправата се одвиваше на две страни од неговата практична примена од донесувањето, од стапувањето на сила, од една страна, и од друга страна решенијата кои се дадени во самиот законски проект почитувајќи ги уставните определби на членот 9 каде што кажува дека сите граѓани во РМ се еднакви пред Уставот и законите на земјата и од друга страна држејќи го дискреционото право на оној кој ќе го применува самиот законски проект од друга страна кој во суштина гледајќи го во позитивна или негативна насока ќе значи дерогирање или аброгирање на самиот законски проект врз основа на дадениот дискреционо право на оној кој го применува правото во суштина да се претвори нашиот правен систем во субјективно право на оној што ќе го применува правото или пак да се претвориме во другиот дел на тоталитарниот систем оној кој го применува правото да на граѓаните им дава такво право како што тој сам ќе оцени без објективни критериуми кои ги предвидува самиот законски проект.

Побуден од таквата дискусија се јавив за збор да кажам неколку мои мислења во врска со самиот законски проект и самата дискусија. На почетокот да кажам дека секој закон во РМ е општо- правно правило кое треба да регулира неодреден број на случаеви со исти битни обележја. Оттука ќе за спазиме и еднаквоста на граѓаните пред законот од една страна, а од втора страна ќе ја спазиме

спазиме демократичноста во нашето живеење да немаме граѓани на кои ќе се владее и оние кои ќе ги владеат. Во суштина ние ќе имаме едно демократско општество, е на рамноправност на граѓаните во одлучувањето.

Од друга страна сакам да кажам дека нашиот Устав разликува од самиот поим граѓани и државјанин. Граѓанинот е субјект во стопанисувањето и во стопанските односи и во остварувањето на граѓанските права во егзистирањето на едно општество, а додека државјанинот е политички субјект во една демократски устроена држава која активно учествува во обликувањето и управувањето со земјата. Оттука двата термини заедно не стојат и нашиот Устав во суштина прави разлики. Кога зборуваме ние за државјанството во РМ тогаш зборуваме за еден политички субјект во една демократски устроена држава што учествува активно во одлучувањето и управувањето со таа земја. Тука се прави основната разлика између државјанинот и граѓанинот.

Сакам да нагласам во членот 7 кој се почесто се кажува дека е дискреционо право на оној кој го применува самиот законски проект. Ако станува збор за дискреционото право во толкувањето на членот 7, алинеја 7 каде што кажува дека неговото примање во државјанство на РМ да не ја загрозува безбедноста и одбраната на РМ се злоупотребува или се гради став во примената на тој член по слободна оценка што е и исправно бидејќи бие знаете во управната постапка слободната оценка е дискреционото право на оној кој го применува а никаде не стои дека таквото одлучување треба да биде надвор од законитоста и уставноста. Кога се ценат одлуките во управната постапка на органите кои одлучуваат за правата на граѓаните тогаш ние ја цениме секоја одлука на органот на управата дали таа одлука е законита, дали е уставна или е противуставна.

Поаѓајќи од управната постапка последна инстанца е Врховниот суд на РМ да каже дали таквата одлука е законита или не, поаѓајќи од уставноста да каже Уставниот суд дали таквата одлука е уставна или противуставна. И, оттука мислам дека Собранието има две алтерантиви.

Едната алтернатива е некој од пратениците да покрене постапка за автентично толкување на членот 7 на алинеја 7 која автентично толкување ќе значи и практична примена на таа одредба од Законот која е пречка во приемнувањето на самиот законски проект, од една страна, а од друга страна согласно на членот 71 од Уставот секој од пратениците па и Владата може да покрене постапка за измена и дополнување на самиот законски проект за разрешување на доредени ситуации. Тогаш ние ќе ја отвориме расправата за тие одредби во самиот законски проект, дали во суштина ги операционализираат одредбите на членот 9 од Уставот на РМ каде што кажуваме дека граѓаните се сите еднакви пред Уставот и законите, од една страна, а од втора страна ќе утврдиме дали таа законска одредба е реална и реално ќе ги регулира сите односи кои треба да ги регулира во една земја. Оттука мислам дека ќе ги разрешиме сите прашања кои еве денеска ги имаме со тој законски проект.

Сакам да истакнам дека самата информација не нуди разрешвање на одредени проблеми и мислам дека не е полна, еве таа објаснува само дека зборува за државјаните постари од 18 години, тоа значи дека 18 години наполнување вие стекнувате деловна способност и ги стекнувате оние права што ви се даваат со Уставот, а тоа е активното, пасивното бирачко право, деловната способност итн., а никаде не станува збор за оние помалди од 18 години кои се и тие државјани на земјата а се уште немаат стекнато деловна способниот.

Тоа е само еден аспект од кој може да се критикува самата Информација, оттука сметам дека информацијата треба да се врати, да се надополни со сите аспекти кои ќе видиме дали законот реално ги регулира сите односи, кои се проблемите за приемната на самиот законски проект. Ако е нормативното уредување на разрешуваше на прашањата кои ги нуди законот во членот 7 , во членот 26, па и сите одредби кои ја нуди постапката за добивање на државјанскиот статус на сите граѓани во РМ од една страна, а од друга страна ако увидиме грешки на оној кој го применува самиот законски проект во постапката врз основа на тоа дискреционо право на примена и во сите органи кои учествуваат, па дури и Врховниот суд на РМ, тогаш ќе избереме од двете алтернативи, или едната да одиме со предлог за измени и дополна на самиот законски проект за стекнување на државјанство или пак давање на автентично толкување на одредбите на членот 7 истите одредби кои се нејасни и кои на оној кој го применува правото врз основа на сопствената дискреција дефакто да ги оштетува субјективните права на сите граѓани кои им ги нуси законскиот промет.

Јас се јавувам и до аспект на мојата комисија за заштита на слободите и правата на граѓаните која активно го прати остварувањето и добивањето на државјанството на граѓаните во РМ, па мислам дека со една таква посилна информација, подобра информација поавтентична информација ќе можеме и ние да заземеме свои ставови и заклучоци.

**НИКОЛА Г.ПОПОВСКИ;**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, јас сум малку во непријатна ситуација, тоа што со г-динот Гошев се договаравме дека треба да го соопштиме, тој го соопшти и мислам дека го соопшти во најголем дел и наполно се согласувам со тоа.

Јас би сакал да додадам само уште две димензии на целата работа.

Прво, Собранието донесува закони, Владата ги спроведува законите, меѓутоа Собранието има уште една функција, а тоа е да го контролира спроведувањето од страна на Владата и мислам дека денеска сме во една ретка, ако не и прв пат во таква ситуација да во овој мандат после една година да можеме на некој начин да оствариме некаква контрола врз законите кој ова Собрание ги носи, а кој ги спроведува Владата.

Мислам дека се издеверенцираат два вида на прашања на кои треба да им посветиме внимание по повод информацијата за која што колку што јас паметам сите се изјаснивме дека треба да дојде на дневен ред во ова Собрание.

Едно е дали е законот добар, и дали треба тој и понатаму таков каков што е да продолжи да постои и да се спроведува. Очигледно дека тука имаме различни видувања. Најголем дел или сите од пратениците од албанска националност се изјаснија дека и во законот има фалинки, јас наполно не се сложувам со тоа и еден дел на дискусија околу спроведувањето на законот, дали тоа што го содржи законот се спроведува така како што треба или како што замислил овој Парламент од страна на Владата. Тоа е вториот дел од дискусијата и мислам дека токму заради овие две компоненти на Информацијата по повод на спроведувањето на законот требаше сепак во расправата да биде присутен претставник на Владата, прво, како претставник на Владата, а второ како орган кој ја изготви информацијата до Парламентот во оваа фаза да може да даде некои појаснувања на бројни прашања кои се имаа појавено.

Оттука јас лично се согласувам со тоа дека оваа Информација Собранието треба да ја врати до Владата, Владата да покаже еден посериозен однос во изготвувањето на информацијата, односно да ја доработи и конечно во расправата да присуствува претставник на Владата за да може на многу нејаснотии да даде толкување.

Инаку, јас се согласувам дека ова што г-динот Биљали го зборуваше на крајот, ние сме во една навистина невообичаена ситуација или вонредна ситуација од нормални ситуации во светот на утврдување на државјанството заради тоа што сме живееле пред тоа во една федерална држава без разлика како правниците и политичарите толкуваа или толкувале сепак на крајот праксата ни покажа дека постоењето на републичко тоа значи и постоење на бившото југословенско државјанство не беа до крај правно изведени консеквентно и се судрив ме со многу проблеми, меѓутоа , видете сега. Пред два-три месеци имавме еден интересен пример кога заврши интервенцијата на Хрватската војска во Краина огромен бран на бегалци од Украина по потекло од српска националност отидоа према Србија. Кога се почна со нивното населување на териториите на Србија во Војводина сите околни држави и војвоѓанците рекоа немојте тука се пореметуваат природниот етнички баланс на територијата на Војводина. Кога отидоа неколку иљади или не знам колку на Косово, или неколку десетина иљади,не знам, колку имаше, а различни информации и жителите на Косово и Албанскиот фактот од Македонија и албанците од Албанија многу жестоко и меѓународниот фактор реагираше дека тие бегалци не мора да одат таму затоа што го нарушуваат балансот на етничкиот состав на Косово. Значи постои некаков утврден некаков урамнотежен биланс кој во промена на границите на државите секојпат се доведува под прашање. Тој проблем ја загатна и Македонија, не сега меѓутоа ја загатна 1990 -1991 година, со проблемот на оние кој се доселени и кои

нарушуваат некакви природни воспоставени или востановени етнички баланси или биланси на никој територии. Како што беше реакцијата исправна за Косово мислам дека одредбите од законот кој одат во насока да го заштитат тоа и во Македонија треба да ги гледаме минимум со истиот аршин, дека и тој некој природен баланс на етничката структура на населението во Македонија кога би се менувал треба да се менува на начин кој не може да биде насилен со некаква насилна миграциона политика која се створи таква дефакто после рушењето на СФРЈ.

И, овој закон покрај другото имаше намера и да ја заштити македонската територија од такви присилни етнички дебаланси создадени не по природен пат, туку по, да речеме, по овие што се миграциони движења итн. и тоа е нормално за секоја држава без разлика и на етничкиот, меѓутоа вклучувајќи го и етничкиот фактор да ја заштитува својата структура затоа што наглото нарушување на етничката структура во било која држава по пат на миграции без разлика доведува до конфликти, со самиот факт дека значајно се менува етничката струк- тура. И, мислам дека тоа треба да се има предвид во спроведувањето на законот на една постапност.

Меѓутоа ние за жал сега немаме претставник од Владата кој овој феномен може да го разјасни од аспект на Владата како она го гледа во спроведувањето на законот.

И на крајот јас имам согледувајќи ја информацијата една сериозна забелешка или дилема која сега евентуално не можеме да чуеме како ќе ја разрешиме зашто Владата ги третира за државјанин на Македонија само оние кои имаат навршено 18 години. Јас гласав за тој закон, тоа е на крајот на краиштата е закон кој важи на територијата на РМ и јас не мислам дека се државјани на Македонија она што го објаснуваше Гошев само оние кои имаат наполнети 18 години и по тој сонов Информацијата вели дека има од полнолетните милион и 600 од ли немаат регулирано,

имаат регулирано статус итн., каде се оние до два милиона и зашто оние деца до 18 годишна возраст не ги третираме како државјани без разлика на нивните граѓански права кои се сосема поинаква категорија. Г-динот Гошев тоа го обраснување од негов агол, јас од мој агол, веројатно сме комплементарни во размислувањата, не мислам дека таа категорија н а граѓани треба да отсуствуваат од информацијата. Сите се тие државјани на РМ.

На крајот на краиштата по повод информацијата, јас би имал едно многу посериозно прашање до Владата. Доколку има милион и 600 илјади полнолетни граѓани од кои милион и 520 илјади имаат регулирано државјански статус, зошто нашите изборни списоци беа негде на милион и 400 илјади гласачи. Тоа е сериозна дилема за која исто така мислам дека треба да се даде одговор.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-динот Хисен Рамадани има реплика.

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Јас двата мои почитувани колеги, можеби не ги разбрав добро па сакав да ги допрашам и да интервенирам. Оваа разлика што ја прави г-дин Туше Гошев во однос граѓани - државјани, граѓани стопански субјекти, државјани - политички субјекти, не сум го видел тоа нигде во правната теорија. Дури нема држави на државјани, туку правилно се вика држави на граѓани, односно граѓански држави.

И затоа мислам дека може да се прави идентификација евентуално помеѓу граѓанин и државјанин кога сака да се истакнува неговата политичка субјект. Меѓутоа во никој случај не може граѓанинот да се исклучи од тоа дека е тој политички субјект. Граѓанинот, мислам државјанинот е вриридација на тоа да е тој граѓанин на таа држава.

Затоа сакав да кажам веројатно тоа му беше една опсервација која во некоја теориска модел може да се најде меѓутоа мислам дека граѓанинот е пред се политички субјект на секоја заедница, и од него се тргнува при градење на односите во одредени области. Но повеќе ме изненади и оваа опсервација и размислувањето на г-динот Поповски во однос на тоа што значи кога било и како било доселено тоа население и тоа присилно доселено население особено врзано да годините 1990 - 1991 година.

Јас таков податок и таква појава во тие години не сум забележал,ниту сум прочитал некаде дека таква констатација имаме ние во Републикава. Напротив, и сите случаеви овде што се спомнаа каде што се оспорува тој елементарно право, воопшто не се однесува на тие години за кој што г-дин Поповски овде спореше. Тоа се далеку зад тие години со 15,20,30 и натаму години, сите случаеви што беа спомнати, но ако веќе станува збор за некое доселување во Македонија, тогаш јас еднаш ви спомнав по овој случај дека тоа беше 1951 - 1961 година кога стана центар Македонија за да се иселат од Македонија, односно од Југославија а центарот беше во Македонија, а зад а се иселат од неа требаше да добие статус државјански Македонски односно во Македонија за Југославија а после оттука да се добие отпус од државјанството. Еден дел од тие граѓани тогаш што останаа тука.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Времето, се извинувам истече.

**ХИСЕН РАМАДАНИ;**

Ве молам г-дине претседателе да се доискажам. Бар уште една реченица.

Вториот бал беше земјотресот и изградба на Скопје.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Реплика, ве молам г-дине Хасипи нема и никако нема да дојдете вие до збор.

Има збор г-дин . Гошев.

Тука негде до г-дин Стојановски, немојте напред, тоа ве молам држете го редот. Тоа не се пратенички места.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

И Уставот на Република Македонија во членот 4 прави разлики измеѓу граѓанин и државјанин. Еве ќе прочитам.

"Граѓаните на РМ имаат државјанство на Република Македонија Државјанството на Република Македонија се уредува со закон. Значи тоа се стекнува. И во правната теорија и во науката и секаде граѓанинот е субјект во цивилното право. Во стекнувањето на имот, во граѓанско - правните односи итн.,а државјанинот се прави разлика тој е политички субјект, демократски устроена држава која активно учествува во обликувањето и управувањето со таа земја. Знаете кој е граѓанин на таа земја, а не е државјанин, нема право на глас, не може да се стекнува непокретен имот доколку нашата земја нема склучено билатерален договор и сите други оние права кои на државјанинот му дава за право како државјанин, а граѓанинот како граѓанин.

- Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Хасипи.

**ЌЕНАН ХАСИПИ:**

Почитуван г-дин претседателе, дами и господа пратеници, ќе ми дозволите да го почнам моето особено кратко излагање со една латинска изрека -"цивитас вири сунд нон моенија" , "држава, тоа се граѓани а не ѕидови".

Бидејќи денес во првите редови каде што јас моментално погрешно седнав немаше никој, ниеден претставник од Владата, сосема е депласирано што расправавме за ова. Меѓутоа, информацијата е доставена од Владата, морам да напоменам со големо задоцнување, со оглед на тоа што се сеќавам кога беше побарана информацијата, што се бараше со информацијата, па ако малку се вратиме на стенографските белешки ќе видиме што се бараше и овие работи што се бараа од пратетикот Исмет Рамадани информацијата не ги исполнува.

Меѓутоа, повод за моето излагање беше сосема поинаков. Имено, токму излагањето на почитуваниот пратеник Туше Гошев и токму тој член 4, тоа е единствениот член 4 кој што расправа за државјанството. Се разбира, има неколку свои ставови, меѓутоа првиот став е "граѓаните на РМ имаат државјанство на РМ". Спорно е тука што во овој момент 120 илјади или можеби повеќе од тоа немаат државјанство на РМ. Евидентно е дека државјанството се регулира со Законот за државјанство. Зошто тоа го спомнувам?Заради тоа што голем број пратеници овде што излагаа од оваа говорница настапуваат во име на граѓаните кои нормално им се обраќаат за да им помогнат во реализацијата на ова право. Евидентно е дека голем број од тие барања задоволуваат и тука е во дискусија токму тој однос Влада - Парламент. Ако доволно се чита

членот 91 од Уставот на РМ, се вели вака: "Владата на РМ ја утврдува политиката на извршувањето на законите и другите прописи на Собранието и е одговорна за нивното извршување".

Понатаму следуваат неколку ставови и еден став вели вака "донесува уредби и други прописи за извршување на сказните".

Ние денес се поставивме во улога дали Владата правилно ги спроведува прописите утврдени во законот за стекнување на државјански статус. И втора работа дали предвидените одредби за тој закон задоволуваат, зашто оваа маса од 120 илјади, а можеби и повеќе евидентно упатува на овие два заклучоци, или во суштина тие 120 илјади луѓе не ги задоволуваат предвидените прописи или пак се работи за неспроведување на тие прописи. Мораме да напоменеме дека организацијата на Министерството за внатрешни работи малку се разликува од организацијата на другите министерства. Таму се уште постои оној тип на субординација, нема големи слободи, се вели ова е зака или некој го назначил да биде така и така ќе се спроведува, па Веројатно во оваа кошница од 120 илјади луѓе кои не стекнале државјанство има и огромен број на луѓе кои не добиле таков статус заради тоа што не биле валидно елаборирани ставовите од Законот за стекнување државјанство. Најголемиот проблем што се случува овде е тоа што ние последните четири години се соочивме со еден проблем кога еден огромен број наши граѓани на РМ кои живеа и работеа на просторите на поранешна Југославија, фактички печалбари од таму беа принудени да се вратат. Има една интересна друга појава: Извесен број на овие луѓе кои печалбареа по просторите на поранешна Југославија имаа државјанство, некои од нив имаа државјанство во тие држави, а немаат државјанство во матичната држава каде што биле родени и каде што живееле стопанисувале итн. Тој дел кој што го има државјанството,

според одредбите на овој закон, се разбира, не може да има двојно државјанство. Меѓутоа, се работи за огромен друг процент кој не може да го стекне државјанството заради тоа што им се бараат одредени други работи кои не се утврдени во прописот односно прописите за текнување на државјански статус. Тие појави се евидентни. Зошто ова го велам? Затоа што ние како легитимни претставници на граѓаните и по Уставот сме должни пред оваа говорница, наша морална обврска е не да застапуваме нивни поединечни интереси, оти секој човек мисли дека е по некој основ загрозен. Меѓутоа до колку една појава зема пошироки размери и до колку за една иста проблематика се јавува огромен број на граѓани веќе е морална обврска таа проблематика да се изнесе пред Собранието на РМ. Ние по се изгледа сме поставени во ситуација ингеренциите кои природно и следуваат на Владата, да го следи спроведувањето на законот и да донесува прописи и уредби за нивно спроведување, сега ние се поставуваме во таква позиција. Добиваме информација која што располага со огромен број, една бројка од 120 илјади луѓе кои по некој основ не стекнале државјанство, не се елаборира по кој основ, зошто и како, не е такстативно назначено и сега се поставуваме во позиција таа иста информација да ја вратиме на Владата, од неа да бараме дообјаснување и да бараме спроведување. Или во крајна линија до колку Владата сметала дека одредбите од Законот за стекнување на државјанство не задоволуваат во оваа состојба, тогаш требало навреме да покрене иницијатива за изменување и дополнување на тој закон.- Такво право да поднесеме иницијатива за изменување и дополнување на закон имаме и ние како пратеници. Меѓутоа, сметајќи дека Владата располага со стручни лица од соодветни области дека механизмите на Владата се далеку пообемни, поефикасни, редно беше Владата да истапи со таков предлог. Меѓутоа, она што Владата долго време не ни доставуваше информација, јас во најмала

рака очекував дека сега таа информација ќе содржи голем број параметри и показатели и после еден долг период таа информација испаѓа ±тура и овде ние расправаме по таа информација.

Инаку, да напоменам уште нешто. Вакво право на неможност за стекнување на државјански статус немаат само албанците, макар што процентуално тој број далеку надминува во однос на други националности. Вакви права немаат огромен број луѓе кои работеле по поранешни југословенски републики, независно од тоа на чија националност припаѓаат, токму поради тоа што многу сме ригидни во толкувањето на овие членови , на ставови на Законот за државјанство. Сите фактички се ставаме во позиција дека сме професионални толкувачи на пропи- сите. За тоа треба ставовите да бидат јасни, прецизни, концизни и да ви кажам уште нешто, во конкретниов случај, во огромен процент е применето дискреционото право на Министерството за внатрешни работи што е сериозен проблем и сериозно треба да размислува и Министерството. Не спорам дека и во други земји МВР нема такво дискреционо право, такво право по се изгледа во огромен процент имаат министерствата за внатрешни работи и на други држави, меѓутоа, примената на тоа дискреционо право не е процентуално иста како што е кај нас и да речеме во другите земји со поразвиена демократија. Затоа мораме да бидеме многу прецизни затоа што членот 4 и став 1 не одат кон тоа да се најдат солуции тоа право да му се одземе на граѓанинот, затоа членот 4 вели дека граѓаните на РМ имаат државјанство на РМ и дека сите закони и законски прописи ќе одат во тој прилог, тоа право да можат максимално да го искористат, па тука ќе дојде во прашање дали тој период од 15 години не е премногу долг, дали износот од 500 долари не е превисока, дали повратниците од поранешните југословенски републики ќе имаат сите овие додатни работи да ги достават, за да го стекнат државјанството, кое право природно им следува по основ на раѓање и кои живееле тука на овие

простори. До колку ригидно се анализираат овие ставови од Законот за државјанство, сигурно дека оваа бројка ќе биде и 120 илјади и 150 илјади и понатаму. Токму поради тоа е потребно сите ние како пратеници да се согласи- ме со нешто, дека законот како таков не корелира во целина со членот 4. Тука се и правници и веројатно во тој контекст г-динот Туше Гошев сакаше да расправа. Мораме да видиме дали тој закон во голема мера го оправдува овој став 1 од членот 4 на Уставот на РМ.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Кадриу.

**ЗЕКИР КАДРИУ:**

Немав намера да излезам на говорница, но ќе кажам накратко два-три збора, ќе изнесам мои лични мислења.

Предлозите што беа порано од страна на еден број пратеници дека треба како таква оваа информација, бидејќи не е комплетна бидејќи не ги исполнува тие услови што треба да бидат за оваа цел и бидејќи се работи за еден број на граѓани на РМ што се пожелни да го имаат државјанството на оваа држава, мислам дека и по тие меѓународни конвенции против дискриминација на добивање на државјанство немаме право да ги одбиеме толку лесно како што беше во практиката до сега.

Јас како граѓанин на градот Тетово секојдневно сум во контакт со граѓани и скоро секој III-ти граѓанин во Тетово се соочува со овој проблем, бидејќи го нема добиено државјанството. Причина за тоа беа и искажувањата на ред друг претходни пратеници и мислам дека еден голем број луѓе од тие граѓани секогаш мислејќи дека го имаат тоа државјанство, бидејќи работеле во поранешните ЈУ републики и од таа причина сега имаат проблеми , па во тие административни работи во органите на управата им бараат ред документи што мислам не се

предвидени ниту со закон да се бараат до тој степен.

За да бидам пократок, мислам дека оваа информација пак треба да се врати и бидејќи предлозите беа дека овој закон треба да претрпи измени, ако не во целина тогаш делумно треба да претрпи измени и ние треба да бидеме свесни дека граѓаните што со право го бараат тоа државјанство треба да го добијат, да не биде пречка законот заради не добивање на тие права на граѓаните.

Јас лично имам и забелешка на еден претходен пратеник што ја споредува нашата состојба со другите состојби каде што порано се војуваше или се војува и ден денес. Мислам дека во тој контекст воопшто нема право бидејќи во сосема други околности и други услови се нашите граѓани што го имале тоа државјанство, па работеле едно време во поранешните ЈУ републики, а сега без никој услов тие се одбиени и немаат право да го добијат.

Заради тоа треба да се прифати барањето на група пратеници од ПДП и НДП, што беше поставено од страна на координаторите на групите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Очигледно ако се постави некоја точка на дневен ред неподготвено, неплански ќе останеме како да беше тоа главна точка за оваа седница и нека биде ова една поука дека не смее да се импровизира ниту со информации ниту со одговор на пратеничко прашање и др. Сигурно дека сите ние сега ќе бевме среќни ако ја прифатевме првата да речам солуција дека информацијата не е комплетна, нема аудиториум компетентен и едноставно нема клима да расправаме по неа. Но што е тоа е, тука сме.

Овој пат за разлика од друг пат ќе ја брака Владата и нејзините министри од причина што за да можеме да критикуваме некого ние треба да бидеме исправни. Ние денес немаме кворум за работ, вчера прекинавме седница поради немање кворум за работа, ние на неколку седници во последно време се бориме да обезбедиме кворум, а тука се удираме во грди дека сме во име на граѓаните и оние што не избрале. Ако е така треба да бидеме тука, а не секаде, тука најмалку. Тука избројав, не знам дали сме и 40, но да работиме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Зборувајте за информацијата, за другите работи има кој да води сметка, немојте вие, ќе ги измешаме работите.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Според тоа сметам дека ние вчера институтот пратеничко прашање го девалвиравме самите, а во последно време го експлоатираме дека треба да биде најважниот дел од нашата активност и според тоа мислам дека денешното отсуство на министрите кои вчера беа во импозантен број, во еден момент беа 13, не повеќе, логично беше да се очекува дека денес тие нема да дојдат тука, веројатно затоа што не биле ниту повикани ниту обавези.

Очигледно денес треба да расчистиме две работи. Едно е дискусија по информацијата, а другата е дали ние вака импровизирано ќе менуваме закони. Сум за првото дека Информацијата каква таква дава услови за дискусии и согласен сум дека имаше многу квалитетни дискусии. Впрочем, ние се соочуваме сите секојдневно со ваквите проблеми, и со оглед на националната припадност на граѓаните кои ни доаѓаат и се обидуваме објективно сите тие проблеми да ги решаваме индивидуално, зависно од нашиот авторитет и врски, како што рече еден почитуван пратеник, во соодветните служби на МВР.

Меѓутоа, треба да се сфати точно дека многу дискусии меѓу себе се во колизија или се контрадикторни. Од една страна велиме дека имаме на некој начин вонредни околности во окружувањето и треба да се поведе сметка дали сето тоа може да имплицира нешто сосема друго, едно тежнение за една гравитација на овие простори, една концентрација на оваа мала држава, но да се надеваме дека с~ си- noќа, веќе од денес кај повеќето од овие интересенти ќе биде малку спласната состојбата, со оглед на тоа што се надеваме дека мирот ќе завладее на целиот простор на поранешна Југославија.

Не би се согласил дека законот треба да го менуваме со заклучоци од причини што законот предвидува време за да може практично да се извади документ кој што, како што велиме сите, е многу значаен и многу е витален. За да се издаде еден таков документ, сигурно треба и време да се проверат сите тие околности, без оглед на можните субјективизми. Меѓутоа, не можам да се согласам дека во тетовско не се доселија 20-30 илјади граѓани од Косово не после 1990 година, туку многу порано и дека не ќе ја искористеа таа можност сите тие ако немавме еден вака изграден закон кој што бара и временски рок од неколку месеци за да се извршат одредени проверки. Секој кој што го заслужува правото на државјанство, санкционирано со донесениот закон, јас сум оптимист и верувам дека ќе го добие. Секој кој што сака да профитира во овие времиња, да легализира свое илегално битисување на просторите на западна Македонија и легално вработување, па дури ќе речам и легални бракови, тоа веројатно законот треба да си го провери и на крајот на краиштата тука сме сите ние за да практично и законите ако не ни одговараат ги моделираме или ги менуваме. Во таа смисла, нашето право е да дадеме предлог за измена на било кој закон, како што сме

давале и досега, и во таа смисла го гледам натамошниот развој на оваа информација која ни беше ^оставена пред неколку дена, а денес беше поставена на дневниот ред.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, кој друг бара збор ? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по Информацијата.

**СТОЈАН АНДОВ:** (Продолжение)

Оттука сакам да дадам неколку појаснувања.

Прво со писмо од 3 ноември оваа година Ве известив сите пратеници дека Предлогот на дневниот ред за 30-тата седница на Собранието на Република Македонија се дополнува со Информација за досега регулираниот државјански статус и резултати од анкетно истражување. Според тоа, на време Вие сте известени и е дополнет дневниот ред како јас што сум го предложил. Тоа е сторено на 3 ноември. Вчера ја закажавме седницата овде, покрај тоа од говорницата што реков претходно се испратени телеграми до сите и до Вас и до Владата. Потоа нормално е утврден дневниот ред и од дневниот ред точката може да ја повлече само предлагачот, ние не можеме да ја повлекуваме. Одлагање се предлагаше на расправата по Информацијата. Морам уште нешто да напоменам, дали Информацијата е добра или не, -дали е комплетна, или не, јас не можам во тоа да навлегувам и не смеам да оценувам што е комплетно, што содржински е добро. Јас со службите овде оценуваме само дали е формалната страна исполнета. Според тоа, ние денес ако прифатевме да одлагаме, ќе паднevme во една грешка, бидејќи министерот како што вели Стојановски не е известен. Не е точно, известена е Владата за седницата сега, а Владата внатре треба да си ги извести и министрите. И ако ние одлагаме разгледување на закони како Собрание за половина час или за еден час, заради тоа што претставникот не е тука, кај информациите ако минеме сосема ќе дојдеме во зависност од тоа дали некој министер ќе дојде овде или нема да дојде. Тоа е комплетно една ситуација која не води сметка и за дигнитетот на Собранието. Затоа тука не се работи за закон. Според тоа, затоа пак стенографските белешки од оваа седница ќе бидат

испратени до Владата, до Министерството за внатрешни работи и до Министерството за правда.

Сега давам пауза од 1 час, да се искористи за ручек, но и консултации пратеничките групи да обават по повод предлогот :-:а заклучоците што група пратеници овде го дадоа.

Предлагам пауза од еден час.

(Пауза од 15,30 до 16,30 часот).

(По паузата)

Седницата продолжи во 17,00 часот.

Да утврдиме точен број на присутни пратеници во салата.

47 пратеници.

За продолжението на седницата ќе објавиме точно кога ќе продолжиме дополнително.

Една молба до координаторите на пратеничките групи, нека се обават посебни разговори со пратениците во пратеничките групи да се обезбеди присуство на Собранието. Можеби овие точки за една недела или десет дена, нема многу да трпат последици во животот. Меѓутоа, нас не очекуваат сега многу значајни активности. Не е фер спрема вакви работи да се однесуваме ноншалантно, а да очекуваме од сите нас по крупните, тешките, неодложните работи да мораме да бидеме овде и да си ги извршиме сериозно работите. Затоа ги молам координаторите на пратеничките групи денес, утре нека обават разговори и ако е можно да се постигнат договори да се овозможи ефикасна работа на Собранието.

Седницата прекина во 17,05 часот.